**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“- СКОПЈЕ**
**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И**
**ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**
**СКОПЈЕ**

ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"

# Проект
# за воведување на студиска програма
# од втор циклус студии
# по *Политички науки и човекови права*
# на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања

**(двегодишни студии)**

**Предлагач:**

**УКИМ Институт за социолошки и**
**политичко-правни истражувања-Скопје**

**Скопје, 2014 година**

## КАРТА НА ВИСОКООБРАЗОВНАТА УСТАНОВА

| | |
|---|---|
| **Назив на високообразовната установа** | **УКИМ- Институт за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје** |
| **Матичен број на високообразовната установа** | 6462774 |
| **Шифра на дејноста на високообразовната установа** | 72.20 |
| **Седиште** | Општина Карпош, Скопје, Р. Македонија<br>Адреса:<br>Бул. Партизански одреди бб, 1000 Скопје, Р. Македонија<br>П. фах 435<br>Телефони:<br>+389 (0)2 3061-119<br>+389 (0) 2 3090-447<br>+389 (0) 2 3061-760<br>Факс: +389 (0)2 3061-282 |
| **Веб страница** | www.isppi.ukim.edu.mk |
| **Вид на високообразовната установа** | Научен институт во состав на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје |
| **Податоци за основачот** | Влада на Република Македонија<br>Одлука за основање од Универзитетски совет бр. 01-4/32 од 01.06.1964<br>Решение за потврда на Одлука за основање на ИСППИ бр. 09-182/1 од 5.11.1965 |
| **Податоци за последната акредитација** | Втор циклус на студии:<br><br>Решенија од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование за акредитација на *едногодишни* студиски програми од втор циклус студии по:<br>– Политички науки, решение бр. 13-42/8 од 07.12.2011<br>– Социологија-менаџмент на општествени промени, решение бр. 13-42/6 од 07.12.2011<br>– Менаџмент на човечки ресурси, решение бр. 13-42/7 од 07.12.2011<br>– Комуникации, решение бр. 13-42/9 од 07.12.2011<br>– Нови медиуми и социјални мрежи, решение бр. 13-42/10 од 20.12.2011<br>– Културата во ерата на кибернетиката, речение бр. 13-67/2 од 27.12.2011 ;<br>Решенија од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование за акредитација на *двогодишни* студиски програми од втор циклус студии по: |

| | |
|---|---|
| | – Политички науки, решение бр. Сл. 12- 03.09.2009<br>– Социологија-менаџмент на општествени промени, решение бр. Сл. 12- 03.09.2009<br>– Менаџмент на човечки ресурси, решение бр. Сл. 12- 03.09.2009<br>– Комуникации, решение бр. Сл. 12- 03.09.2009<br>– Нови медиуми и социјални мрежи, решение бр. 13-261/2 од 16.11.2012<br>– Културата во ерата на кибернетиката, речение бр. 13-261/2 од 16.11.2012;<br>Решенија од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование за акредитација на едногодишни студиски програми од втор циклус –*специјалистички студии* по:<br>– Политички науки, решение бр. Сл. 12- 03.09.2009<br>– Менаџмент на човечки ресурси, решение бр. Сл. 12- 03.09.2009;<br><br>Решение од Министерството за образование и наука на РМ бр. 13-10241/6 од 03.10.2013 година за почеток со работа на акредитирани *едногодишни* студиски програми од втор циклус студии по:<br>– Политички науки<br>– Социологија-менаџмент на општествени промени<br>– Менаџмент на човечки ресурси<br>– Комуникации<br>– Нови медиуми и социјални мрежи<br>– Културата во ерата на кибернетиката;<br><br>Решение од Министерството за образование и наука на РМ бр. 13-10241/6 од 03.10.2013 година за почеток со работа на акредитирани *двогодишни* студиски програми од втор циклус студии по:<br>– Комуникации<br>– Нови медиуми и социјални мрежи<br>– Културата во ерата на кибернетиката;<br><br>Трет циклус на студии:<br><br>Решенија од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование за акредитација на тригодишни студиски програми од трет циклус-докторски студии по:<br>1. Социологија на организација, решение бр. 12-129/18 од 06.07.2011<br>2. Социологија на окружувањето, решение бр. 12-129/18 од 06.07.2011<br>3. Демократија во ера на глобализација, решение бр. 12-90/26 од 06.07.2011<br>4. Организациски науки и управување |

| | |
|---|---|
| | (менаџмент), решение бр. 12-46/6 од 07.06.2012 |
| **Студиски и научноистражувачки подрачја за кои е добиена акредитација** | **Научно подрачје 5 - општествени науки**<br><br>**Научно поле:**<br>506 Организациони науки и управување (менаџмент)<br>Научна област:<br>50662 Управување со човечки ресурси, во холистички допир со областите:<br>50600 Наука за организација<br>50601 Теорија и организација на деловни системи<br>50602 Менаџмент системи<br>50603 Бизнис менаџмент<br>50605 Стратешки менаџмент<br>50613 Деловно комуницирање<br>50614 Одлучување<br>50615 Менаџмент во администрација<br>50618 Менаџмент во образование<br>50623 Претприемништво<br><br>**Научно поле:**<br>507 Политички науки<br>50706 Комуникации и мас-медиуми<br><br>**Научно поле:**<br>508 Правни науки<br><br>**Научно поле:**<br>511 Социологија<br>51102 Социологија на политиката<br>51110 Социологија на културата<br>51120 Социјална антропологија |
| **Единици во состав на високообразовната установа** | Одделенија:<br>1.Социолошко одделение;<br>2. Политиколошко одделение;<br>3. Одделение за апликација, научна документација и издаваштво<br><br>Центри:<br>1. Центар за менаџмент на човечки ресурси;<br>2. Центар за етнички односи;<br>3. Центар за комуникации, медиуми и култура;<br>4. Центар за човекови права;<br>5. Центар за криминологија;<br>6. Центар за применета политика и јавна администрација;<br>7. Центар за поддршка на олеснување на меѓуетнички спорови и |

| | |
|---|---|
| | 8. Центар за развој на заедницата<br><br>Лаборатории:<br>1. Психолошка лабораторија;<br>2. Лабораторија за развој на методологија за менаџмент на човечки ресурси |
| **Студиски програми што се реализираат во единицата која бара проширување на дејноста со воведување на нови студиски програми** | Студиски програми на втор циклус на студии:<br><br>1. Политички науки<br>2. Социологија-менаџмент на општествени промени<br>3. Менаџмент на човечки ресурси<br>4. Комуникации<br>5. Нови медиуми и социјални мрежи<br>6. Културата во ерата на кибернетиката<br><br>Студиски програми на трет циклус-докторски студии:<br><br>1. Социологија на организација<br>2. Социологија на окружувањето (студиската програма е организирана заедно со Филозофски факултет-Скопје)<br>3. Демократија во ера на глобализација (студиската програма е организирана заедно со Правен факултет „Јустинијан Први“ - Скопје<br>4. Организациски науки и управување (менаџмент) – студиската програма е организирана заедно со Економски факултет –Скопје и Економски институт-Скопје) |
| **Податоци за меѓународна соработка на планот на наставата, истражувањето и мобилноста на студентите** | Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје има потпишано договори за соработка со следните високообразовни установи од странство:<br>– Универзитет во Салцбург, Австрија, Оддел за Политички науки и Социологија- договор во рамки на ERASMUS-Intensive програмата со важност за академските 2012/2013 – 2014/2015 год. ;<br>– School of Advanced Social Studies SASS, Nova Gorica, Slovenia- договор за соработка од 30.10.2013 година;<br>– Бугарска академија на науките, Институт за социологија – договор за меѓусебна соработка, ноември 2013 година.<br>Соработката со високообразовните установи од странство, Институтот ја остварува преку организирање размена на научноистражувачкиот кадар, размена на информации за научноистражувачки проекти, меѓусебна поддршка во подготовка и имплементирање на научноистражувачки проекти, |

| | |
|---|---|
| | поддршка во организирање на меѓународни работилници, симпозиуми, конференции и конгреси, меѓусебна поддршка во активности од издавачката дејност и др.; |
| **Податоци за просторот наменет за изведување на наставната и истражувачката дејност** | Вкупна површина на објектот: 847,57 м2<br><br>1. Предавални (3) со вкупна површина од ..................................................... 150,44 м2;<br>2. Компјутерска училница (1) со површина од .................................................. 33, 92 м2;<br>3. Сала за состаноци .......................18,35 м2<br>4. Кабинети за наставниот и соработничкиот кадар ........................................ 297,61 м2;<br>5. Библиотека ...................................18,35 м2 |
| **Податоци за опремата за изведување на наставната и истражувачката дејност** | 1. Централни единици (37);<br>2. Монитори ( 36);<br>3. Лаптопа (11);<br>4. Прожектори ( 3);<br>5. Графоскопи ( 2);<br>6. Платно за графоскоп (1);<br>7. Електронска табла (1);<br>8. Скенер (1);<br>9. Принтери ( 14 );<br>10. Факс (1);<br>11. Факс/ принтер (1);<br>12. Фотокопир (1);<br>13. Телефони (27);<br>14. Телефонска централа (1);<br>15. Конференциски маси (4);<br>16. Табли за пишување (2);<br>17. Столчиња (во предавални) (120);<br>18. Канцелариски бироа (32);<br>19. Канцелариски столчиња (28);<br>20. Маси (во предавални) (26);<br>21. Витрини (библиотека) (18);<br>22. Машина за укоричување (1);<br>23. Метална машина спирали (1)<br>и др. |
| **Број на студенти за кој е добиена акредитација** | 270 студенти во втор циклус студии<br><br>***Напомена: акредитацијата се однесува за бројот на студенти кои може да се запишат на втор циклус на студии во една учебна година |
| **Број на студенти (прв пат запишани)** | Во учебната 2012/2013 година на Институтот се запишале:<br>- 53 студенти на втор циклус студии (36 на едногодишни + 17 на двогодишни) |
| **Број на лица во наставно-научни, научни и наставни звања (заклучно со месец ноември 2013)** | 15 |
| **Број на лица во соработнички звања (заклучно со месец ноември 2013)** | 1 |

| | |
|---|---|
| **Однос наставник:студенти (број на студенти на еден наставник) за секоја единица одделно** | 1:3 |
| **Внатрешни маханизми за обезбедување и контрола на квалитетот на студиите** | - Комисија за самоевалуација на ниво на студиски програми,<br>- Комисија за самоевалуација на ниво на целиот Институт<br>- Упатство за евалуација на УКИМ (април 2013) и анкети на студентите за односот на наставниот кадар и квалитетот на наставно-образовниот процес.<br>Квалитетот на студиите се контролира согласно важечките законски и подзаконски акти како и со актите на Универзитетот и Институтот. |
| **Фреквенција на самоевалуациониот процес (секоја година, на две години, на три години)** | |
| **Податоци за последната спроведена надворешна евалуација на установата** | Во 2011 година, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје го објави Извештајот за самоевалуацијата за периодот 2006/2007-2009/2010 година, проследен со Извештајот на Европската асоцијација на универзитети за последователната евалуација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.<br>Во извештаите се изнесени следните главни **оцени**:<br>• експертскиот тим го поздравува избраниот модел на интеграција, како и мотивираноста на менаџментот во спроведувањето на реформите неопходни за обезбедување на функционална интеграција;<br>• експертскиот тим истакнува дека со промените од првичната надворешна евалуација во 2003 и првата последователна евалуација во 2008, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје денес претставува вистински европски универзитет во многу аспекти од своето дејствување, со особен акцент на прашањето на елиминирање на корупцијата;<br>• експертскиот тим ја поздравува позитивната оценка на студентите за преземените активности на Универзитетот, како и лојалноста на студентите кон Универзитетот.<br>Во извештаите се изнесени следните главни **препораки** за натамошно дејствување на УКИМ:<br>• што побрзо практично заживување на докторските студии на Универзитетот;<br>• продолжување на процесот на усогласување на студиските програми со Националната рамка на квалификации и дефинирање на соодветните компетенции;<br>• со оглед на фактот дека досега се максимално искористени мобилностите овозможени од програмите BASILEUS и JoinEU- |

| | |
|---|---|
| | SEE, а со цел да се зголеми бројот на мобилности на студентите се препорачува обезбедување стипендии за мобилности и од страна на Владата на РМ и од стопанството. |
| **Други податоци кои установата сака да ги наведе како аргумент за нејзината успешност** | |

## СТУДИСКА ПРОГРАМА НА ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ
## - ПО ПОЛИТИЧКИ НАУКИ И ЧОВЕКОВИ ПРАВА -

**(двогодишни студии)**

**Содржина на Елаборатот:**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1 | Опис на содржината на студиската програма | 11 |
| 1 А | Општи дескриптори на квалификацијата за студиската програма | 13 |
| 1Б | Специфични дескриптори на квалификацијата за студиската програма | 14 |
| 2 | Одлука за усвојување на студиската програма од Наставно-научниот совет на Институтот за социолошки и политичко правни истражувања - Скопје | 17 |
| 3 | Одлука за усвојување на студиската програма од Ректорската управа или Универзитетскиот сенат | 18 |
| 4 | Научно-истражувачко подрачје, поле и област каде припаѓа студиската програма | 19 |
| 5 | Вид на студиската програма | 19 |
| 6 | Степен на образование | 19 |
| 7 | Цел и оправданост за воведување на студиската програма | 19 |
| 8 | Години и семестри на траење на студиската програма | 20 |
| 9 | ЕКТС кредити со кои се стекнува студентот | 20 |
| 10 | Начин на финансирање | 20 |
| 11. | Услови за запишување | 20 |
| 12. | Информација за продолжување на образованието | 20 |
| 13. | Утврден сооднос помеѓу задолжителните и изборните предмети и дефиниран начин на избор на предметите | 20 |
| 14. | Податоци за просторот предвиден за реализација на студиската програма | 23 |
| 15. | Листа на опрема предвидена за реализација на студиската програма | 23 |
| 16. | Предметни програми со информации | 23 |
| 17. | Список на наставен кадар | 23 |
| 18. | Изјава од наставникот за давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма | 24 |
| 19. | Согласност од високообразовната установа за учество на наставникот во реализацијата на студиската програма | 24 |
| 20. | Информација за бројот на студенти за запишување во првата година на студиската програма | 24 |
| 21. | Информација за обезбедена задолжителна и дополнителна литература | 24 |
| 22. | Информација за веб страница | 24 |
| 23. | Стручниот односно научниот назив со кој се стекнува студентот по завршување на студиската програма | 24 |
| 24. | Активности и механизми преку кои се развива и се одржува квалитетот на наставата | 25 |
| | Прилог 1 | 26 |
| | Прилог 2 | 74 |
| | Прилог 3 | 147 |
| | Прилог 4 | 166 |
| | Прилог 5 | 168 |
| | Прилог 6 – Извештај за самоевалуација на ИСППИ | 172 |
| | | |

## 1. ОПИС НА СОДРЖИНАТА НА ДВОГОДИШНАТА СТУДИСКА ПРОГРАМА ОД ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ - РАЗВОЈНИ СТУДИИ

### Назив на предлагачот

Предлагач на оваа студиска програма од втор циклус студии по Политички науки и човекови права е **Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје** при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бул. Партизански одреди бб, 1000 Скопје, Република Македонија.

### Назив на студиската програма

Називот на студиската програма од втор циклус студии, односно магистерски академски студии, која се предлага со овој елаборат за акредитација е: **Студиска програма од втор циклус студии по Политички науки и човекови права.**

### Мисија и цели на студиската програма од втор циклус студии по Политички науки и човекови права

Студиската програма "Политички науки и човекови права" има за цел да им обезбеди на студентите продлабочено и сеопфатно разбирање на политичките прашања со фокусирање на темата на човековите права. Цел на студиската програма е подигање на капацитетите на идниот академски и политички кадар да ги анализира современите политички процеси во контекстот и низ призмата на глобалната институционализација на човековите права. Државата, нацијата, владеењето, политичките субјекти и политичките процеси, политичките системи и политичкото однесување, ќе бидат поставени во контекстот на современото разбирање на човековите права и основни слободи.

Во дизајнирањето на студиската програма се тргнува од претпоставката дека современата политичка наука не само што не може да ги заобиколи човековите права, туку напротив, во голема мера е ориентирана кон нив и на различни начини поврзана со нивното обезбедување, практикување и заштита.

Во рамките на основниот комплекс на изучување насочен кон моќта, демократијата, државата, политичките системи, политичките идеи, институции и политичките учесници, се вметнува посебниот аспект на човековите права и основни слободи како цел, граничник и контролор. Ова им дава на студиите интердисциплинарен пристап кој покрива аспекти од антропологијата, психологијата, правото, социологијата и историјата.

Потребата од воведување на ваква студиска програма лежи во современиот развој на државата и политичките системи кои се структуираат околу човековите права и

основни слободи, се вреднуваат во зависност од нивото на практикување и заштита на истите и се модификуваат со цел што подобро остварување на оваа функција.

Политичките науки по природа се вкрстуваат со други полиња како: економија, право, социологија, антропологија, психологија, историја, комуникации, меѓународни односи. Политичките науки кои тргнуваат од концептот за човекови права во уште поголема мера претставуваат своевиден интердисциплинарен комплекс кој опфаќа широк простор на општетсвени интеракции. Од тука, студиската програма се карактеризира со широк пристап кон политичките процеси, а се посветува внимание и на процесите на донесување одлуки како и на релевантните општествени процеси на локално, национално и глобално ниво.

Студентите ќе научат да ги истражуваат глобалните политички процеси низ една сосема различна перспектива и да ги анализираат клучните учесници во изработката на глобалната политика во нивниот соодност со вредносниот систем кој го нуди концептот за човековите права и основни слободи. Централното прашање кое се поставува е легитимитетот на политичките институции и практики во светот кој ги прифаќа човековите права и основни слободи како мерило на демократизацијата.

Потребата од вметнувањето на човековите права како нова димензија на политичката наука произлегува од новите политички предизвици со кои се соочуваат демократските држави во глобализираниот свет (како: специфични нееднаквости, нови барања од репрезентативните институции, новите извори на конфликти и можностите за нивно менаџирање).

Студиската програма ќе се ориентира кон анализа на развојот на политичката научна мисла која го адресира прашањето на човековите права и основни слободи како незаобиколлив елемент на современата демократија. Во таа смисла ќе биде посветено внимание на алокацијата и трансферот на моќта во процесите на одлучување и улогата која што ја имаат одделните политички учесници.

Во последните декади, човековите права се развија во главен критериум за евалуирање на политичкиот легитимитет и заеднички именител на глобалните општетсвени барања. Веќе не станува збор за додаден или страничен концепт на политичките активности и случувања, туку за суштинска компонента на принципите на самата политика, па дури и прв принцип на политиката.

Од овде произлегува и потребата во рамките на студиите од втор циклус да бидат опфатени содржини кои до сега не биле дел од изучувањето на политичките процеси и политичката наука, а кои треба да ги подготват студентите за теориски/научни анализи и практично делување во едни вака изменети услови на развој во кои човековите права стануваат јадро на политичката научна мисла.

Специфичните прашања на кои ќе биде посветено посебно внимание се однесуваат на: разрешувањето на контрадикцијата меѓу теоријата за универзалните човекови права и секојдневната пракса на повреда на човековите права; меѓусебното влијание на суверенитетот и универзалноста на човековите права; соодносот меѓу политичките институции, политичките активности и конфликтите; основните детерминанти на современите политички структуирања; алатките кои можат да бидат искористени со цел анализа на политичките активности низ призмата на човековите права; дали може различните култури да коегзистираат хармонично; како треба

заедниците да реагираат на насилството од страна на држават и идеолошкиот екстремизам; што претставува безбедноста разбрана како човекова безбедност.

Содржината и стилот на овие мастер студии ќе соодветствуваат и константно ќе се прилагодуваат со промените кои настануваат на глобално ниво и во Република Македонија, како и со релевантните квалификации потребни за градење на кариера во оваа област.

Студентите кои успешно ќе ги завршат овие студии, имаат можност да ја градат својата кариера како политички аналитичари и да побараат вработување во истражувачки и аналитички центри, новинарство, или активно да се вклучат во политичките процеси. Оние кои се ориентирани кон академската кариера, своето образование можат да го продолжат на докторско студии по социологија, економија, организациски науки, политички науки, право, меѓународно право, комуникации, демографија, во Република Македонија и странство.

## 1А. Општи дескриптори на квалификации за втор циклус на двогодишни со 120 ЕКТС универзитетски студии, студиска програма Политички науки и човекови права, согласно Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации

**Табела 1: Ниво на национална и европска рамка на високообразовни квалификации**

| Ниво во Националната рамка на високообразовни квалификации | Високо образование | Ниво во Европската рамка на високообразовни квалификации |
|---|---|---|
| VIIA | Втор циклус на универзитетски студии,<br>Магистерски академски студии,<br>Двогодишни студии 120 ЕКТС | 7 |

## Општи дескриптори на квалификацијата за студиската програма од втор цилус на студии по Политички науки и човекови права (двогодишни студии) на Институтот за социолошки и политичко правни истражувања, Скопје

| | |
|---|---|
| знаења и разбирање | Покажува продлабочено и сеопфатено разбирање на политичките прашања, со фокусирање на темите поврзани со човековите права и менаџирањето на конфликти.Се оспособува за теорија и пракса во споменатите области преку разбирање на повеќеслојниот карактер на политиката и меѓузависноста на делувањето на различните политички учесници. |
| примена на знаењето | Покажува способност за примена на знаењето од обласа на политички |

| | |
|---|---|
| и разбирањето | процеси, човековите права и разрешувањето конфликти (посебно различните начини преку кои етницитетот и нееднаквиста учествуваат во генерирањето на насилство) преку: истражување и анализа на спомenатите области, како и збогатување на постоечките теориски концепти од областите. |
| способност за проценка | Развива способност за критичко анализирање на постоечки релевантни бази на истражувачки податоци, креирање на нови бази на податоци, способност за научна аргументација на истражуваните феномени. |
| комуникациски вештини | Се оспособува за вештини специјализирани за инволвирање во дебати за различни димензии на актуелниот развој на политиката и актуелните проблеми на глобално ниво, со посебен акцент на меѓусебните влијанија на релевантните политички чинители. Се оспособува да ги комуницира релевантните истражувачки сознанија како со стручната јавност така и со јавноста воопшто. Способност за конципирање и менаџирање на кклучните концепти. |
| вештини на учење | Поседува вештина за самостојна работа и работа во група и способен е за инкорпорирање и примена на нови истражувачки релевантни податоци во областа. |

## 1Б. Специфични дескриптори на квалификацијата за студиската програма од втор циклус на студии по Политички науки и човекови права (двогодишни студии) на Институтот за социолошки и политичко правни истражувања, Скопје

Постдипломските студии по политички науки и човекови права се дизајнирани како студии кои опфаќаат анализа и теорија на современите политики низ призмата на концептот за човековите права а во контекстот на промените на современите политики во 20 и 21 век и контраверзите кои концептот за човекови права ги генерира во националните и меѓународни политики.
Појдовна позиција на студиите е дека човековите права и менаџирањето на конфликтите претставуваат суштинска компонента на политиката на современиот степен од нејзиниот развој (независно дали се гледа на политиката од национална или од меѓународна перспектива), односно, еден од најголемите предизвици на современата политика е создавање на свет во кој што е можно поголем број луѓе ќе уживаат што е можно поголем број права и слободи. Имајки го ова предвид, постдипломските студии се насочени кон разоткривање на етичките загрижи на современата политика, нејзината трансформација и влијанието кое го трпи од развојот на човековите права, новите безбедносни практики и креирањето на новите форми на наднационален авторитет. На глобализацијата карактеристична за современиот свет се гледа низ дуална перспектива: од една страна е споделувањето на заеднички вредности (универзални права и слободи) , а од друга страна продуцирањето на конфликтите базирани на различни вредности (културни, политички, религиозни, етнички).

Методолошкиот пристап во студирањето е насочен кон примена на интегриран и интердисциплинарен пристап кој првенствено се темели на класичните и модерни методи на општествените науки. Заедно со изучувањето и примената на современиот

развој на политичката теорија и практика, студиите овозможуваат развивање на палета различни пристапи за примена на моќни облици за анализа на глобалните политики во развој.

Студиите се занимаваат со клучните елементи кои ги определуваат границите на политичкото делување и основните предизвици на современото политичко структуирање: концептот за човекови права, етнички базираните конфликти, односот меѓу националното и граѓанското. Посебно внимание ќе биде посветено на политичките контраверзи на современата политичка мисла и практика (улогата на политичката наука во владеењето/управувањето и политиките на современите демократии) и на големите конкурентски политички теории кои се потпираат на развојот на универзалните човекови права. Во студиите, со помал обем, е вклучено и изучувањето на односот меѓу политиката и конкретни параметри на современото политичко структуирање (мултикултурноста, медиумите, демографските движења, слободата на изразување и сл.) .

Сите наведени аспекти на студиите, особено примерите за анализа и примена на теоретските принципи, кога тоа е можно, се применуваат во контекстот на современата реалност на македонското општество, но сепак сместени во пошироки европски и светски рамки.

Магистрантите, по успешното завршување на програмата, се стекнуваат со звање магистер по политички науки, со можност за кариера во различни области, како на пример: политика, образование, истражувачка дејност, јавна и државна администрација, медиуми, меѓународни организации, асоцијации на граѓани.

Табела: **<u>Специфични дескриптори</u> на квалификациите на студиската програма Политички науки и човекови права (двогодишни студии) од вториот циклус студии на Институтот за социолошки и политичко правни истражувања, Скопје**

| | |
|---|---|
| знаења и разбирање | Знае да креира емпириско истражување со соодветна употреба на методологија и има познавање на сите фази на истражувачкиот процес (подготовка, реализација, толкување на резултатите и пишување на истражувачки извештај). Покажува високо специјализирано знаење во областа на современите политички теории и практики ставени во контекстот на човековите права и менаџирањето на конфликтите. Се оспособува за самостојна анализа на теориските концепти. Се оспособува за оригинално и самостојно истражување, како и практична апликација на резултатите. |
| примена на знаењето и разбирањето | Способност за анализа, примена на знаењето во врска со истражуваните феномени. Способност за продлабочена анализа на политичките настани, оспособеност за дебати, аргументиран настап и развој на спецификувани стратегии. Се специјализира за истражување на глобалните политики низ призмата на човековите права и менаџирањето на конфликтите. |
| способност за проценка | Способност за критичка анализа на политичките ситуации и антиципација на одредени практики. Способност за критичко преиспитување на постоечки меѓународни и сопствени бази на податоци. Поставување на хипотетски модели и нивна критичка и аргументирана проверка во конкретни контексти. |

| | |
|---|---|
| комуникациски вештини | Вештина за критичко преиспитување и анализа на постоечките научни согледувања во областа на глобалните политики, процена на политичките случувања низ прозмата на повеќезначноста на процесите на глобализација. Вештина за изработка на сопствени концепти и научна аргументација вградени во сопствени научни дела. Способност за менаџирање на проекти кои се занимаваат со истражување на современите политики. Способност за компаративна анализа на истражувачки податоци по хоризонтала и вертикала. |
| вештини на учење | Поседува вештина за самостојно истражување, организација и водство во проектни тимови. Има развиена способност за изработка на нови стратегии во областа на политиката со инкорпорирање и аргументација на релевантноста на постоечките сознанија од областа. |

**Квалификација која се стекнува:** Магистер по политички науки и човекови права

**2. Одлука за усвојување на студиската програма од Наставно-научниот совет на Институтот за социолошки и политичко правни истражувања - Скопје**

Република Македонија
Универзитет **СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ**
Институт за социолошки и политичко-правни истражувања
Бр. 02-580/2
15.04. 2014 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 63 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13 и 24/13) и член 44 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Научниот совет на Институтот на седницата одржана на **15.4.2014** година донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на предлог-проекти за воведување на студиска програма од втор циклус универзитетски студии**

**Член 1**

Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје ги усвои предлог-проектите за воведување на студиска програма од втор циклус универзитетски студии по:

- **Политички науки и човекови права -** едногодишни студии
- **Политички науки и човекови права -** двегодишни студии.

**Член 2**

Предлог-проектите за воведување на студиската програма од втор циклус универзитетски студии по Политички науки и човекови права- едногодишни и двегодишни студии се составен дел на оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Универзитет Св. Кирил и Методиј, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања - Скопје, Република Македонија

**Директор**

**Проф.д-р Ѓорѓе Јаќимовски**

**3. Одлука за усвојување на студиската програма од Ректорската управа или Универзитетскиот сенат**

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje

Република Македонија
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ
Институт за социолошки и политичко-правни истражувања
СКОПЈЕ

| Примено: | 30.05.2014 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 821/3 | | |

Одлука од УС
Ознака: ОБ 23/13
Страна: 1 од 1

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Бр. 02-763
28.5 2014 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 104 од Законот за високото образование, член 246 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, по предлог на Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на 20. седница одржана на 22 мај 2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Проектот за воведување студиска програма од втор циклус студии по политички науки и човекови права на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања (двегодишни студии)**

**Член 1**

Универзитетскиот сенат го усвојува Проектот за воведување студиска програма од втор циклус студии на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања по *политички науки и човекови права (двегодишни студии).*

**Член 2**

Универзитетскиот сенат го упатува Проектот од член 1 на оваа Одлука до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на натамошна постапка за акредитација. Проектот во печатена и во електронска форма до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование се доставува од страна на единицата на Универзитетот - предлагач и организатор на студиската програма.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила со нејзиното донесување и ќе се објави во *Универзитетски гласник.*

**Р е к т о р**

**Проф. д-р Велимир Стојковски**

Доставено до:
- Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања
- Одборот за акредитација и евалуација на високото образование

**4. Научно-истражувачко подрачје, поле и област каде припаѓа студиската програма**

Студиската програма која е предмет на реакредитација и усогласување според член 99 од Законот за високото образование е од:

- област 5. **ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ**
- научно поле **507 Политички науки**
- научно подрачје **50700 Политички науки, 50818 Човекови права**

**5.Вид на студиската програма (академски или стручни студии)**

Студиската програма на втор циклус на студии по Политички науки и човекови права е од **академски вид**

**6.Степен на образование (прв односно втор циклус)**

Студиската програма е од **Втор циклус студии**

**7.Цел и оправданост за воведување на студиската програма**

Потребата од воведување на ваква студиска програма лежи во современиот развој на државата и политичките системи кои се структуираат околу човековите права и основни слободи, се вреднуваат во зависност од нивото на практикување и заштита на истите и се модификуваат со цел што подобро остварување на оваа функција.

Студиската програма “Политички науки и човекови права“ има за цел да им обезбеди на студентите продлабочено и сеопфатно разбирање на политичките прашања со фокусирање на темата на човековите права. Цел на студиската програма е подигање на капацитетите на идниот академски и политички кадар да ги анализира современите политички процеси во контекстот и низ призмата на глобалната институционализација на човековите права. Државата, нацијата, владеењето, политичките субјекти и политичките процеси, политичките системи и политичкото однесување, ќе бидат поставени во контекстот на современото разбирање на човековите права и основни слободи.

Подетално за целта и оправданоста од воведување на оваа програма е наведено во делот посветен за мисијата и целите на студиската програма.

**8.Години и семестри на траење на студиската програма**

Студиската програма на втор циклус студии – Политички науки и човекови права е во траење од **4 семестри**

**9.ЕКТС кредити со кои се стекнува студентот**

За добивање звање магистер по Политички науки и човекови права, студентот треба да оствари **120 ЕКТС** согласно Законот за високо образование.

**10.Начин на финансирање, а за приватните високо-образовни и научни установи и доказ за обезбедена квалитетна финансиска гаранција за студиската програма**

Студиите се врз база на самофинансирање од страна на студентите.

**11.Услови за запишување**

Завршен прв циклус студии во времетраење од 6 семестри или најмалку 180 кредити и познавање на англиски јазик.

**12.Информација за продолжување на образованието**

Со завршување на вториот циклус студии се стекнува право на запишување трет циклус на студии. (согласно член 96 од Законот за високо образование).

**13.Утврден сооднос помеѓу задолжителните и изборните предмети и дефиниран начин на избор на предметите**

За двегодишната постдипломска студиска програма се предвидени 6 задолжителни предмети, една задолжителна активност (проектна задача) и 5 изборни предмети.

Задолжителните предмети на оваа програма носат по 8 кредити а предметот.

Студентите можат да бираат изборни предмети од потесната листа на изборни предмети предложени во оваа програма, и од пошироката листа на изборни предмети од Институтот за социолошки и политичко правни истражувања, Скопје, како и задолжително да изберат еден од Листата на предмети утврдени од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Изборните предмети од потесната листа на изборни предмети предложени во оваа програма, и од пошироката листа на изборни предмети од Институтот за социолошки и политичко правни истражувања, Скопје носат 7 кредити.Изборниот предмет од Листата

на предмети утврдени од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје треба да носи минимум 6 кредити.

Со овој соодност на задолжителни и изборни предмети се задоволува критериумот 60%:30%:10%

**Табела 1: Соодност задолжителни и изборни предмети по семестри**

| Распоред на задолжителни и изборни предмети на студиската програма Политички науки и човекови права (двогодишни студии) по семестри | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Р. бр.** | **Задолжителни предмети** | **ЕКТС** | **I семестар** | **II семестар** | **III семестар** | **IV семестар** |
| 1 | Задолжителен предмет 1 | 8 | ♦ | | | |
| 2 | Задолжителен предмет 2 | 8 | ♦ | | | |
| 3 | Задолжителен предмет 3 | 8 | ♦ | | | |
| 4 | Задолжителен предмет 4 | 8 | | ♦ | | |
| 5 | Задолжителен предмет 5 | 8 | | ♦ | | |
| 6 | Задолжителен предмет 6 | 8 | | ♦ | | |
| | Задожителна пракса | 6 | | ♦ | | |
| **Р. бр.** | **Изборни предмети** | | | | | |
| 1 | Изборен предмет 1 | 7 | | | ♦ | |
| 2 | Изборен предмет 2 | 7 | | | ♦ | |
| 3 | Изборен предмет 3 | 7 | | | ♦ | |
| 4 | Изборен предмет 4 | 7 | | | ♦ | |
| 4 | Изборен предмет од Универзитетската листа на слободни изборни предмети од втор циклус на УКИМ | 6 | ♦ | | | |
| 5 | Проектна задача | 2 | | | ♦ | |
| | Магистерски труд | 30 | | | | ♦ |
| | **Вкупно ЕКТС** | **120** | **30** | **30** | **30** | **30** |

**Табела 2: Листа на задолжителни предмети**

| Предмет | Наставник | Институција |
|---|---|---|
| П2-301 Човековите права и трансформацијата на светските политики (компаративни политики за човековите права) | Д-р Мирјана Најчевска | УКИМ Институт за социолошки и политичко-правни истражувања |
| П2-302 Демократија, моќ и граѓанство | Д-р Анета Цекиќ | УКИМ Институт за социолошки и политичко-правни истражувања |
| П2-303 Политичка антропологија | Д-р Горан Јанев | УКИМ Институт за социолошки и политичко-правни истражувања |
| П2-304 Национализмот и етничките конфликти | Д-р Ганка Цветанова | УКИМ Институт за социолошки и политичко-правни истражувања |
| П2-305 Методологија на општествени истражувања | Д-р Петар Атанасов | УКИМ Институт за социолошки и политичко-правни истражувања |
| П2-306 Конструктивно разрешување конфликти | Д-р Виолета Петроска Бешка | УКИМ Филозофски факултет |

**Табела 3: Листа на изборни предмети**

| Предмет | Наставник | Институција |
|---|---|---|
| П2-307 Медиуми и политика | Д-р Бојана Наумовска | УКИМ Институт за социолошки и политичко-правни истражувања |
| П2-308 Човекова безбедност | Д-р Најчевска Мирјана | УКИМ Институт за социолошки и политичко-правни истражувања |
| П2-309 Мултикултурализам | Д-р Петар Аатанасов | УКИМ, ИСППИ |
| П2-310 Популациона политика | Д-р Јорде Јакимовски | УКИМ Институт за социолошки и политичко-правни истражувања |
| П2-311 Изборни системи и политички партии | Д-р Бојана Наумовска | УКИМ Институт за социолошки и политичко-правни истражувања |
| П2-312 Етничките конфликти и меѓународната безбедност | Д-р Ганка Цветанова | УКИМ Институт за социолошки и политичко-правни истражувања |
| П2-313 Слобода на изразување | Д-р Емилија Симовска | УКИМ Институт за социолошки и политичко-правни истражувања |
| П2-314 Глобализација и Европска интеграција | Д-р Анета Цекиќ | УКИМ Институт за социолошки и политичко-правни истражувања |
| П2-315 Политичка култура и комуникации | Д-р Емилија Симоска | УКИМ Институт за социолошки и политичко-правни истражувања |

| | | |
|---|---|---|
| П2-316 Правно расудување и аргументација | Д-р Ана Димишкова | УКИМ Филозофски факултет |
| П2-317 Политички менаџмент | Д-р Мирјана Борота Поповска | УКИМ, ИСППИ |
| П2- 318 Политичка психологија | Д-р Маријана Марковиќ, д-р Елеонора Серафимовска | УКИМ, ИСППИ |
| Изборен предмет од заедничката листа на УКИМ | | |

## 14.Податоци за просторот предвиден за реализација на студиската програма

Податоците за просторот предвиден за реализација на оваа програма се дадени во Картата на високообразовната институција.

## 15. Листа на опрема предвидена за реализација на студиската програма

Листата на опремата за реализацијата на студиските програми е дадена во Картата на високообразовната институција

## 16.Предметни програми со информации

Предметните програми за сите студиски програми на втор циклус студии – Комуникации се дадени во ПРИЛОГ бр2

## 17.Список на наставен кадар

| | **Име и презиме** | **Звање во кое е избран** |
|---|---|---|
| 1 | Д-р Мирјана Најчевска | Редовен професор |
| 2 | Д-р Петар Атанасов | Редовен професор |
| 3 | Д-р Емилија Симоска | Редовен професор |
| 4 | Д-р Јорде Јаќимовски | Редовен професор |
| 5 | Д-р Мирјана Борота Поповска | Редовен професор |
| 6 | Д-р Виолета Петроска Бешка | Редовен професор |
| 7 | Д-р Ана Димишкова | Вонреден професор |
| 8 | Д-р Ганка Цветанова | Вонреден професор |
| 9 | Д-р Горан Јанев | Доцент |
| 10 | Д-р Маријана Марковиќ | Доцент |
| 11 | Д-р Елеонора Серафимовска | Доцент |
| 12 | Д-р Анета Цекиќ | Доцент |
| 13 | Д-р Бојана Наумовска | Доцент |

Биографијата на кадар за студиската програма на втор циклус студии на менаџмент на човечки ресурси се дадени во ПРИЛОГ бр.3

**18.Изјава од наставникот за давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма**

Изјавите на наставниот кадар за сите студиски програми на ИСППИ се дадени во ПРИЛОГ бр 4

**19.Согласност од високообразовната установа за учество на наставникот во реализацијата на студиската програма**

Сите предметни наставници на оваа програма се од Универзитетот “Св Кирил и Методиј”. Од Институтот на оваа студиска програма ќе бидат ангажирани 8 наставници, а 2 наставници ќе бидат ангажирани од други единици на Универзитетот “Св Кирил и Методиј”. Согласностите од високообразовните институции се дадени во ПРИЛОГ бр.5

**20.Информација за бројот на студенти за запишување во првата година на студиската програма**

Програмата од втор циклус на студии по Политички науки и човекови права претставува нова студиска програма која ќе стане активна од моментот на акредитација.

**21.Информација за обезбедена задолжителна и дополнителна литература**

Задолжителната литература по сите предмети ја обезбедува Институтот и таа е пресметана во цената на чинење на студирањето. Дополнителната литература е во зависност од интересот на студентот за конкретниот предмет и оцената која сака да ја добие по иститот. Оваа литература е ставена на располагање на студентите.

**22.Информација за веб страница**

http://www.isppi.ukim.edu.mk

**23.Стручниот односно научниот назив со кој се стекнува студентот по завршување на студиската програма**

По завршувањето на студиската програма студентот се стекнува со звањето:
**Магистер по политички науки и човекови права**

## 24.Активности и механизми преку кои се развива и се одржува квалитетот на наставата

Квалитетот на наставата се одржува преку селдните механизми:
-надворешна евалуација
-внатрешна евалуација
-колегиуми на втор циклус
-влезна и излезна анкета на студентите

# ПРИЛОГ 1

# ПРЕДМЕТНИ ПРОГРАМИ
# ЗА ДВОГОДИШНИТЕ СТУДИИ
# ПО ПОЛИТИЧКИ НАУКИ И ЧОВЕКОВИ ПРАВА

| Предметна програма од втор циклус на судии | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Наслов на наставниот предмет** | **Човековите права и трансформацијата на светските политики** (компаративни политики за човековите права) | | | |
| **2.** | Код | П2-301 | | | |
| **3.** | Студиска програма | Политички науки и човекови права | | | |
| **4.** | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | Институт за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје | | | |
| **5.** | Степен (прв, втор, трет) | Втор циклус | | | |
| **6.** | Академска година/семестар | Прв | 7. | Број на ЕКТС кредити | 8 |
| **8.** | Наставник | **Мирјана Најчевска** | | | |
| **9.** | Предуслови за запишување на предметот | | | | |
| **10.** | Цели на предметната програма (компетенции):<br><br>Предметот има четири основни цели:<br>• Да го запознае студентот со влијанието кое го имаат базичните вредности на концептот на човековите права врз развојот на политичката мисла<br>• Да го запознае студентот со можностите за употреба на човековите права и основни слободи во практиката како вид на политичко делување и како облик на практична етика<br>• Да го запознае студентот со најновиот развој на националните и меѓународни политики ставен во контекстот на промоцијата, заштитата и практикувањето на човековите права и основни слободи<br>• Со комбинација на историски, филозофски и практични елементи да го оспособи студентот за развивање на критичко разбирање на човековите права како централна политичка идеја на 21 век<br><br>Генерички компетенции<br>Студентите ќе бидат способни:<br>- Критички да ги анализираат историјата и теориите на човековите права со употреба на напредни концепти во рамките на човековите права и меѓународната политика<br>- Критички да ја анализираат современата практика на човековите права<br>- Да применат филозофско и историско разбирање на политичките настани низ перспективата на човековите права<br>- Да ги анализираат и артикулираат на високо ниво средствата и процесите низ кои политичките актери мобилизираат поддршка за нивните ставови во врска со глобалните прашања со употреба на човековите права<br>- Разбираат како различните теориски позиции во меѓународната политика и човековите права тежнеат да бидат поврзани со различни суштински концепти, методолошки позиции, истражувачки стратегии и филозофски позиции<br>Специфични компетенции<br>Студентите ќе бидат оспособени:<br>- Да инкорпорираат, анализираат и артикулираат комплексни политички теории | | | | |

<table>
<tr><td></td><td colspan="4">- Да ги предизвикаат добиените објаснувања за контраверзите на општетсвениот и политичкиот живот<br>- Да изведуваат заклучоци и проценки врз основа на податоци и теориско резонирање<br>- Да разликуваат теориски, емпириски и нормативни изјави во рамките на меѓународната политика<br>- Да дефинираат напредни апстрактни концепти, употребени во анализите на човековите права и меѓународната политика, и да ги користат правилно и конзистентно</td></tr>
<tr><td>11.</td><td colspan="4">Содржина на предметната програма:<br><br>1. Базични постулати на концептот за човекови права<br>2. Од каде доаѓаат човековите права и како ја менуваат светската политика<br>3. Должности кои за политичките играчи произлегуваат од концептот на човекови права на национални и меѓународно ниво (политички контекст на прекршувањата на човековите права и реакциите на тие прекршувања)<br>4. Човековите права во теоријата и практиката во функција на трансформација на современата политика (национална и меѓународна)<br>5. Историски и политички контраверзи генерирани од концептот за човековите права и основни слободи<br>6. Дали човековите права пружаат универзална заштита или деолошка маска за новиот империјализам?<br>7. Универзалноста на човековоте права како проблем и како предизвик.<br>8. Употреба и злоупотреба на човековите права во политичката практика.<br><br>Предметот ќе се реализира во еден семестар со вкупен фонд од 16 часови. Потребно е студентите да потрошат уште 24 часови на истражување. Истовремено, изработување сопствен проект ќе биде задолжителна практика. Неделно ќе има 2 директни контакт часови настава. Целиот предмет ќе се реализира во осум недели.</td></tr>
<tr><td>12.</td><td colspan="4">Методи на учење:<br>• Предавања (со учество на надворешни предавачи: практичари и теоретичари)<br>• Вежби: изработка на задачи, групни дискусии, анализа на различни актуелни и јавно достапни примери, анализа на актуелни нормативни решенија и политики, пребарувања<br>• Истражување во рамки на група<br>• Изработка на проекти (семинарски работи) и нивна презентација<br>Ќе се бара читање на поголем број книги, документи и стручни и научни трудови со цел разбирање на темите опфатени со предавањата и со цел проширување и продлабочување на знаењето.</td></tr>
<tr><td>13.</td><td>Вкупен расположлив фонд на време</td><td colspan="3">8 кредити X 25 часа= 200</td></tr>
<tr><td>14.</td><td>Распределба на расположивото време</td><td colspan="3">8 недели настава + 3 недели консултации со студенти</td></tr>
<tr><td rowspan="2">15.</td><td rowspan="2">Форми на наставните активности</td><td>15.1</td><td>Предавања – теоретска настава</td><td>16часови</td></tr>
<tr><td>15.2</td><td>Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа</td><td>16часови</td></tr>
<tr><td>16.</td><td>Други форми на активности</td><td>16.1</td><td>Проектни задачи</td><td>34 часови</td></tr>
</table>

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 16.2 | Самостојни задачи | 34 часови |
| | | 16.3 | Домашно учење | 100 часови |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **17.** | Начин на оценување | | |
| | 17.1 | Тестови | 60 бодови |
| | 17.2 | Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна) | 20 бодови |
| | 17.3 | Активност и учество | 20 бодови |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **18.** | Критериуми за оценување (бодови / оценка) | до 50 бода | 5 (пет) (F) |
| | | од 51 до 60 бода | 6 (шест) (E) |
| | | од 61 до 70 бода | 7 (седум) (D) |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| **19.** | Услов за потпис и полагање на завршен испит | | |
| **20.** | Јазик на кој се изведува наставата | македонски јазик | |
| **21.** | Метод на следење на квалитетот на наставата | евалуација и самоевалуација | |
| **22.** | Литература | | |

22.1 Задолжителна литература

| Р. бр. | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|
| Ред. | Автори | Наслов на трудот | Меѓународен собир/ | Година |
|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | број | | | конференција | |
| | | 1. | Елеонора Серафимовска, Маријана Марковиќ | Political attitudes and personality in democratic society | Identity in the era of globalisation and europeanization | 2012 |
| | | 2. | Маријана Марковиќ, Димитринка Јорданова, Елеонора Серафимовска | Depression as a risk factor for ekderly abuse and neglect | Active ageing and intergenerational solidarity | 2012 |
| | | 3. | Елеонора Серафимовска | Values and political orientations of the Republic of Macedonia citizens | “Social responsibility in 21 century”, Piran, Slovenia, 29th of September and 1st of November | 2010 |

| Податоци за наставниците кои изведуваат настава на студиската програма од втор циклус на студии | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Име и презиме | **Маријана Марковиќ** | | |
| 2. | Дата на раѓање | 26.06.1969 | | |
| 3. | Степен на образование | д-р | | |
| 4. | Наслов на научниот степен | доцент | | |
| 5. | Каде и кога го завршил образованието односно се стекнал со научен степен | Образование | Година | Институција |
| | | Дипломиран психолог | 1992 | Филозофски факултет |
| | | Магистер по психологија | 2002 | Филозофски факултет |
| | | Доктор по комуникации | 2010 | Институт за социолошки и политичко правни истражувања |
| | | Гешталт терапевт | 2004 | Советувалиште за хумана соработка |
| 6. | Подрачје, поле и област на научниот степен магистер | Подрачје | Поле | Област |
| | | Психологија | Развојна психологија | Психологија на морал, политичка психологија |
| 7. | Подрачје, поле и област на научниот степен доктор | Подрачје | Поле | Област |
| | | Комуникации | Политичка култура | Психологија на комуникации, политичка психологија, психологија на личност |
| 8. | Доколку е во работен однос да се наведе институцијата во која работи и звањето во кое е | Институција | Звање во кое е избран и област | |
| | | Институт за социолошки и политичко правни истражувања | Доцент<br>Комуникации,<br>Политичка психологија | |
| 9. | Список на предмети кои наставникот ги води одделно за првиот, вториот и третиот циклус на студии | | | |

| 9.1. | Список на предмети кои наставникот ги води во првиот циклус на студии | | |
|---|---|---|---|
| | Ред. број | Наслов на предметот | Студиска програма/институција |
| | 1. | | |
| | 2. | | |
| **9.2.** | Список на предмети кои наставникот ги води во вториот циклус на студии | | |
| | Ред. | Наслов на предметот | Студиска |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | број | | програма/институција | |
| | | 1. | Политичка психологија | Политички науки | |
| | | 2. | Интерперсонална комуникација | Комуникации | |
| | | 3. | Психологија на нови медиуми | Нови медиуми и социјални мрежи | |
| | | 4. | Дизајнирање на научен проект во областа на комуникациите | Нови медиуми и социјални мрежи | |
| | | 5. | Кибер психологија | Студии одобласта на културата и дигиталните технологии | |
| | 9.3. | Список на предмети кои наставникот ги води во третиот циклус на студии | | | |
| | | Ред. број | Наслов на предметот | Студиска програма/институција | |
| | | 1. | | | |
| | | 2. | | | |
| 10. | Селектирани резултати вопоследните пет години | | | | |
| | 10.1. | Релевантни печатени научни трудови (до пет) | | | |
| | | Ред. број | Автори | Наслов | Издавач/година |
| | | 1 | M. Markovik, E. Serafimovska, | Youth cyber-culture, self-concept and digital identity on Facebook | http://www.mmc.edu.mk/IRAM/Conferences/XVIIIConf/MarkovikSerafimovska.pdf |
| | | 2 | M. Markovik, J. Jakimovski, | USAGE OF POVERTY AND SOCIAL EXCLUSION IN POLITICAL CAMPAIGNS PROMOTED THROUGH MASS MEDIA, *Media discourse of poverty and social exclusion* | Novi Sad, Filozofski fakultet (2011) 161-171 |
| | | 3 | M. Markovik, E. Serafimovska, | THE PERSONAL EXPERIENCE OF MACEDONIAN FOLK SONGS (2011) | http://mmc.edu.mk/IRAM/Conferences/XVIIConf/ESerafimovskaMMarkovic.pdf |
| | | 4 | Маријана Марковиќ, Елеонора Серафимовска | Општествената одговорност на психологијата-активност или пасивност на психолозите кон она што се случува во јавниот простор | 2010, Годишник на Институтот за социолошки и политичко правни истражувања |
| | | 5 | Маријана Марковиќ, Елеонора Серафимовска | FACEBOOK IN THE MULTICULTURAL SOCIETY | *Acta Universitatis Sapientiae, Social Analyses*, **1**, 2 (2011), pp. 206−223 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6. | Маријана Марковиќ, Елеонора Серафимовска | THE RELATION BETWEEN PERSONAL AND SOCIAL DETERMINATES OF SELF AND ADHERENCE TO VARIOUS SOCIAL CATEGORIES AMONG THE STUDENT POPULATION IN RM | *Identity in the era of globalization and Europeanization,* University "Ss. Cyril and Methodius" - Institute for sociological political and juridical research, November 2011, pp. 451-463 THE |
| 7. | Маријана Марковиќ | Карактеристики на моралното расудување кај студентите во република Македонија | 2009, Годишник на Институтот за социолошки и политичко правни истражувања |

10.2. Учество во научно-истражувачки национални и меѓународни проекти (до пет)

| Ред. број | Автори | Наслов | Издавач/година |
|---|---|---|---|
| 1 | Марковиќ, Серафимовска | Стандардизација и културна адаптација на петтофакторски инвентар на личност на државна и јавна администрација | Министерство за информатичко општество и администрација |
| 2. | Марковиќ, Серафимовска | Стандардизација и културна адаптација на петтофакторски инвентар на личност на наставници | Министерство за образование и наука |
| 3 | Маријана Марковиќ | Насилство врз старите лица во РМ | Светска Здравствена Организација 2011/2012 |
| 4 | Христова, Марковиќ, Серафимовска, Цекиќ | Перцепција на идентитети на студентска популација во РМ | УКИМ 2010-2012 |
| 5 | Марковиќ, Серафимовска, Цветановка.. | Реални и виртуелни идентитети | УКИМ 2012/2013 |

10.3. Печатени книги во последните пет години (до пет)

| Ред. број | Автори | Наслов | Издавач/година |
|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 1. | | | |
| | | 2. | | | |
| | | 3. | | | |
| | | 4. | | | |
| | | 5. | | | |
| | 10.4 | Печатени стручни трудови во последните пет години (до пет) | | | |
| | | Ред. број | Автори | Наслов | Издавач/година |
| | | 1. | | | |
| | | 2. | | | |
| | | 3. | | | |
| | | 4. | | | |
| | | 5. | | | |
| 11. | Менторства на додипломски, магистерски и докторски студии | | | | |
| | 11.1. | Дипломски работи | | | |
| | 11.2. | Магистерски работи | 4 | | |
| | 11.3. | Докторски дисертации | | | |
| 12. | За ментори на докторски трудови селектирани резултати во последните четири/пет години | | | | |
| | 12.1. | Доказ за печатени научноистражувачки трудови во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации во даденото поле (до шест) во последните пет години | | | |
| | | Ред. број | Автори | Наслов | Издавач/година |
| | | 1. | Маријана Марковиќ | “Political attitudes and personality in democratic society”, The Western Balkans Policy Review | 2010, Kosovo Public Policy Center, Приштина |
| | | 2. | Маријана Марковиќ | “Personality in democratic society”, Contemporary world between freedom and security-зборник на трудви | 2010 Zalozba Vega, Љубљана |
| | | 3. | Маријана Марковиќ, Елеонора Серафимовска | “Facebook in the Multicultural Society “ | Acta Universitatis Sapientiae, Social Analyses, **1**, 2 (2011) 206–223 |
| | | 4. | Маријана Марковиќ, Елеонора Серафимовска | Freedom of information in media: practices in society and citizens attitudes”, | Social responsibility in 21 century, 2011, Ljubljana: Slovenia |
| | | 5. | Маријана Марковиќ, Јорде Јакимовски | Usage of poverty and social exclusion inpolitical campaigns promoted through mass media” | Media disclosure of poverty and social exclusion |
| | | 6. | Маријана Марковиќ, Елеонора | Perceptions of Political and Social | **The Western Balkans Policy** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Серафимовска | Circumstances and the Role of Leaders on Tolerance among Citizens, | **Review** *Volume 2, Issue 2, Summer/Autumn 2012* |
| | 12.2. | Доказ за најмалку два печатени научноистражувачки трудови во меѓународни научни списанија со импакт фактор во даденото поле во последните пет години | | | |
| | | Ред. број | Автори | Наслов | Издавач/година |
| | | 1. | | | |
| | | 2. | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 12.3. | Доказ за најмалку три учества на меѓународни собири во последните четири години | | | | |
| | | Ред. број | Автори | Наслов на трудот | Меѓународен собир/ конференција | Година |
| | | 1. | Маријана Марковиќ | Political attitudes and personality in democratic society | Western Balkans: An opportunity or a challenge for the future of the EU, Pristina, Kosovo | 2010 |
| | | 2. | Маријана Марковиќ | Personality in democratic society | "Social responsibility in 21 century", Piran, Slovenia, 29th of September and 1st of November | 2010 |
| | | 3. | Марковиќ и др. | Depression as a risk factor for elderly abuse and neglect | Активно стареење и меѓугенерациска солидарност | 2012 |
| | | 4. | Марковиќ, Серафимовска | THE RELATION BETWEEN PERSONAL AND SOCIAL DETERMINATES OF SELF AND ADHERENCE TO VARIOUS SOCIAL CATEGORIES AMONG THE STUDENT POPULATION IN RM | Identity in the era of globalization and Europeanization | 2012 |
| | | 5. | Марковиќ | Community survey on the prevalence on elderly maltreatment **in Republic of Macedonia'** | **WHO, sub-regional training workshop on preventing violence, Skopje 2012,Keynote presentations** | 2012 |
| | | 6. | **Jordanova Pesevska D.,** | **Prevalence of elderly abuse: Results from** | **III Congress of GP/FM doctors of** | 2013 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Markovik M., Kisman M., Spasenovska M** | **National Survey** | **Republic of Macedonia with International Participation** | |
| | | | | | | |

# ПРИЛОГ 3

## ИЗЈАВИ
## ОД ПРЕДМЕТНИТЕ НАСТАВНИЦИ

**И З Ј А В А**

Јас, **доц. д-р Анета Цекиќ** изјавувам дека сум согласен/на да изведувам настава на студиската програма од втор циклус универзитетски студии по „Политички науки и човекови права“ по предметот „ Демократија, моќ и граѓанство “.

Изјавил,

____________________________

**И З Ј А В А**

Јас, **доц. д-р Анета Цекиќ** изјавувам дека сум согласен/на да изведувам настава на студиската програма од втор циклус универзитетски студии по „Политички науки и човекови права“ по предметот „ Глобализација и Европска интеграција “.

Изјавил,

_______________

**И З Ј А В А**

Јас, **проф.д-р Ана Димишковска** изјавувам дека сум согласен/на да изведувам настава на студиската програма од втор циклус универзитетски студии по „Политички науки и човекови права“ по предметот „Правно расудување и аргументација “.

Изјавил,

А. Димишковска

**И З Ј А В А**

Јас, **проф.д-р Ганка Цвета** изјавувам дека сум согласен/на да изведувам настава на студиската програма од втор циклус универзитетски студии по „Политички науки и човекови права“ по предметот „ Етничките конфликти и меѓународната безбедност “.

Изјавил,

______________________

**И З Ј А В А**

Јас, **проф.д-р Ганка Цветанова** изјавувам дека сум согласен/на да изведувам настава на студиската програма од втор циклус универзитетски студии по „Политички науки и човекови права“ по предметот „ Национализмот и етничките конфликти “.

Изјавил,

____________________________

**И З Ј А В А**

Јас, **проф.д-р Мирјана Борота Поповска** изјавувам дека сум согласен/на да изведувам настава на студиската програма од втор циклус универзитетски студии по „Политички науки и човекови права“ по предметот „ Политички менаџмент“.

Изјавил,

______________________________

**И З Ј А В А**

Јас, **доц.д-р Маријана Марковиќ** изјавувам дека сум согласен/на да изведувам настава на студиската програма од втор циклус универзитетски студии по „Политички науки и човекови права“ по предметот „Плитичка психологија“.

Изјавил,

________________________

**И З Ј А В А**

Јас, **доц.д-р Елеонора Серафимовска** изјавувам дека сум согласен/на да изведувам настава на студиската програма од втор циклус универзитетски студии по „Политички науки и човекови права“ по предметот „ Плитичка психологија“.

Изјавил,

________________________

**И З Ј А В А**

Јас, **проф.д-р Виолета Петроска Бешка** изјавувам дека сум согласен/на да изведувам настава на студиската програма од втор циклус универзитетски студии по „Политички науки и човекови права“ по предметот „Конструктивно разрешување конфликти “.

Изјавил,

______________________

**И З Ј А В А**

Јас, **доц.д-р Бојана Наумовска** изјавувам дека сум согласен/на да изведувам настава на студиската програма од втор циклус универзитетски студии по „Политички науки и човекови права“ по предметот „Медиуми и политика“.

Изјавил,

______________________

**И З Ј А В А**

Јас, **доц.д-р Бојана Наумовска** изјавувам дека сум согласен/на да изведувам настава на студиската програма од втор циклус универзитетски студии по „Политички науки и човекови права“ по предметот „Изборни системи и политички партии“.

Изјавил,

_______________________

**И З Ј А В А**

Јас, **проф.д-р Мирјана Најчевска** изјавувам дека сум согласен/на да изведувам настава на студиската програма од втор циклус универзитетски студии по „Политички науки и човекови права“ по предметот „Човекова безбедност“.

Изјавил,

________________________

**И З Ј А В А**

Јас, **проф.д-р Мирјана Најчевска** изјавувам дека сум согласен/на да изведувам настава на студиската програма од втор циклус универзитетски студии по „Политички науки и човекови права“ по предметот „ Човековите права и трансформацијата на светските политики (компаративни политики за човековите права) “.

Изјавил,

**И З Ј А В А**

Јас, **проф.д-р Емилија Симоска** изјавувам дека сум согласен/на да изведувам настава на студиската програма од втор циклус универзитетски студии по „Политички науки и човекови права“ по предметот „Слобода на изразување“.

Изјавил,

_________________________

**И З Ј А В А**

Јас, **проф.д-р Емилија Симоска** изјавувам дека сум согласен/на да изведувам настава на студиската програма од втор циклус универзитетски студии по „Политички науки и човекови права“ по предметот „ Политичка култура и комуникации “.

Изјавил,

__________________________

# И З Ј А В А

Јас, **проф.д-р Петар Атанасов** изјавувам дека сум согласен/на да изведувам настава на студиската програма од втор циклус универзитетски студии по „Политички науки и човекови права“ по предметот „ Мултикултурализам“.

Изјавил,

______________________________

**И З J А В А**

Јас, **проф.д-р Петар Атанасов** изјавувам дека сум согласен/на да изведувам настава на студиската програма од втор циклус универзитетски студии по „Политички науки и човекови права“ по предметот „ Методологија на општествени истражувања“.

Изјавил,

_______________________

**И З Ј А В А**

Јас, **доц.д-р Горан Јанев** изјавувам дека сум согласен/на да изведувам настава на студиската програма од втор циклус универзитетски студии по „Политички науки и човекови права“ по предметот „Политичка антропологија“.

Изјавил,

__________________________

# ПРИЛОГ 4

## Согласности за предметните наставници ангажирани од другите единици од Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“- Скопје

Република Македонија
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ
Институт за социолошки и политичко-правни истражувања
СКОПЈЕ
Примено: 05.02.2014
Орг. Един. | Број: 03-181/1 | Прилог: | Вредност:

Универзитет „Св. Кирил и Методиј"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02-134/11
03.02 2014 год.
Скопје

Врз основа на член 139 од Законот за високото образование ("Сл. весник на РМ" бр. 103/08), член 288 ст. 1 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и член 38 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Филозофскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет на својата III редовна седница одржана на 22.I 2014 година, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
за давање согласност за вршење високообразовна дејност на други факултети во рамките на УКИМ

**Член 1**

Се дава согласност за вршење високообразовна дејност на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје на наставници од Филозофскиот факултет во Скопје, за академската 2014/2015 година, за програми кои се во постапка на акредитација, и тоа на:

1) проф. д-р **Виолета Петроска-Бешка** по предметот ***конструктивно разрешување конфликти*** на втор циклус студии на студиската програма по Политички науки;
2) проф. д-р **Ана Димишковска**, по предметот ***правно расудување и аргументација*** на втор циклус студии на студиската програма по Политички науки.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува во учебната 2014/2015 година.

**Член 3**

По еден примерок од одлуката да се достави на: Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, именуваните, Одделението за општи, правни, персонални и наставни работи (2), секретарот и архивата на Факултетот.

**ДЕКАН**
на Филозофскиот факултет

Проф. д-р Горан Ајдински

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Република Македонија, Филозофски факултет Скопје

изработил: Роза Михајловска
одобрил: М-р Весна Карапеева

# ПРИЛОГ 5

## Мислење
## од Одборот за соработка и доверба со јавноста

Република Македонија
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ
Институт за социолошки и политичко-правни истражувања
Бр. 03-74/1
20.01. 2014 год.
СКОПЈЕ

ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА

**Записник**

од седницата на Одборот за соработка и доверба со јавноста на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје, одржана на ден **17.1.2014 година**

На седницата присуствуваа: проф. д-р Емилија Симоска, проф. д-р Ганка Цветанова, Тамара Колевски, Атанас Ковачевски и м-р Ана Чупевска. Отсуствуваа проф. д-р Марија Ташева и Биљана Арсовска.

Донесени се следниве одлуки:

1. За претседател на Одборот за соработка и доверба со јавноста на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје е избрана проф. д-р Емилија Симоска.

2. Разгледана е и усвоено е позитивно мислење за предлог-проектот за: реакредитација на студиската програма од втор циклус универзитетски студии – двегодишни студии, по: **Социологија - менаџмент на општествени промени.**

3. Разгледана е и усвоено е позитивно мислење за предлог-проектот за: реакредитација на студиската програма од втор циклус универзитетски студии – двегодишни студии, по **Комуникации.**

4. Разгледана е и усвоено е позитивно мислење за предлог-проектот за: реакредитација на студиската програма од втор циклус универзитетски студии – двегодишни студии, по **Менаџмент на човечки ресурси;**

5. Разгледана е и усвоено е позитивно мислење за предлог-проектот за:акредитација на студиската програма од втор циклус универзитетски студии по: **Општествен развој**, едногодишни студии,

6. Разгледана е и усвоено е позитивно мислење за предлог-проектот за:акредитација на студиската програма од втор циклус универзитетски студии по **Општествен развој**, двегодишни студии,

7. Разгледана е и усвоено е позитивно мислење за предлог-проектот за:акредитација на студиската програма од втор циклус универзитетски студии по **Политички науки и човекови права,** едногодишни студии,

8. Разгледана е и усвоено е позитивно мислење за предлог-проектот за:акредитација на студиската програма од втор циклус универзитетски студии по **Политички науки и човекови права,** двегодишни студии.

-

**Претседател**

**Проф. д-р Емилија Симоска**

Скопје, 17 јануари 2014 година

Присутни членови:

Ана [illegible] - Правен факултет, Политички науки - УКИМ

Тамара Колевска

Атанас Ковачевски

ПРЕТСЕДАТЕЛ

на Одбор за соработка и доверба со јавноста
на УКИМ-Институт за социолошки и
политичко-правни истражувања-Скопје

# ПРИЛОГ 6

# ИЗВЕШТАЈ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ИСППИ

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА - Скопје**

ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА

Република Македонија
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ
Институт за социолошки и политичко-правни истражувања
Бр. 05-961/1
20.06. 2014 год.
СКОПЈЕ

**До**
**Одбор за акредитација**
**и евалуација на високото образование во РМ**

**Скопје, 20.6.2014 год.**

**ПРЕДМЕТ: Достава на дополнителна документација кон проекти за воведување на студиска програма од втор циклус студии по Политички науки и човекови права**
**Врска: Арх. бр. 03-886 од 10.06.2014 год.**

Почитувани,

Во прилог Ви ги испраќаме потребните материјали кон претходно доставените проекти за воведување на студиска програма од втор циклус универзитетски студии по **Политички науки и човекови права** - *едногодишни и двегодишни студии*, предлагач и организатор: УКИМ Институт за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје:

1. Извештај за самоевалуација на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Институт за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје.

Материјалите во прилог ги доставуваме во 1 примерок во печатена форма и во 1 примерок во електронска форма.

Се надеваме на разбирање од Ваша страна.

Со почит,

**Директор**

**Проф.д-р Ѓорѓе Јакимовски**

Бул. Партизански одреди бб. П.Фах 435, 1000 Скопје, Република Македонија
Тел. 02/ 3061-119 Факс 02/ 3061-282 www.isppi.ukim.edu.mk

Република Македонија
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ
Институт за социолошки и политичко-правни истражувања
Бр. 03-75/1
20.01.2014 год.
СКОПЈЕ



ИЗВЕШТАЈ ЗАСАМОЕВАЛУАЦИЈА

**на**

# Универзитет „СВ. Кирил и Методиј"
# **Институт за социолошко и политичко-правни истражувања** (ИСППИ), Скопје

**Скопје, декември 2013**

## *СОДРЖИНА НА ИЗВЕШТАЈОТ*

**I. ЦЕЛИ НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА**

**II. СЕГМЕНТИ НА САМОЕВАЛУАЦИЈА**

**II.1. Опис на ИСППИ**

**II.2. Мисија и цели на ИСППИ**

**II.3. Стратегија за остварување на мисијата на ИСППИ**

**II.4. Студиски и предметни програми на ИСППИ**

**II.5. Наставен и соработнички кадар на ИСППИ**

**II.6. Наставно образовна дејност на ИСППИ**

**II.7. Студенти на ИСППИ**

**II.8. Просторни и материјални ресурси на ИСППИ**

**II.9. Логистика на ИСППИ**

**II.10. Надворешна соработка на ИСППИ**

**II.11. Научно-истражувачка дејност на ИСППИ**

## II.12. Финансирање на ИСППИ

# III. ЗАКЛУЧОК

# IV. Прилог

## I.ЦЕЛИ НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА

Научниот совет на ИСППИ на седницата одржана на 13.11.2012 година донесе одлука за формирање на **Комисија за самоевалуација** во состав:

1. Доц. Д-р Елеонора Серафимовска – претседател
2. Проф. Д-р Емилија Симовска – член
3. Проф. Д-р Петар Атанасов – член
4. Вон.проф. Д-р Ганка Цветанова - член
5. Доц. Д-р Марија Топузовска Латковиќ - член
6. Бојана Илијоска - студент
7. Борче Антовски - студент

и **поткомисија за евалуација на студиските програми** на УКИМ- ИСППИ во состав:

1. Доц. Д-р Маријана Марковиќ – претседател
2. Вон. проф. Д-р Ѓорѓи Манев - член
3. Доц. Д-р Бојана Наумовска - член
4. Маја Костовска - студент
5. Ана Алексова - студент

Самоевалуацијата на УКИМ "Институт за социолошки и политичко-правни истражувања" (во понатамошниот текст ИСППИ) се спроведе во декември 2013, согласно Упатството за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на единиците на УКИМ, а во соработка со наставно-научниот кадар на ИСППИ, студентите на студиските програми при ИСППИ и административниот кадар вклучен во организацијата на наставно-научниот процес, како и управувачкиот кадар.

Основните **цели** на самоевалуација беа:

1. да се претстави краток и содржаен преглед на наставно образовниот процес и научно-истражувачката работа на ИСППИ;
2. да ги анализира силните и слабите страни на ИСППИ (со примена на SWOT анализа)
3. обезбеди основа која ќе послужи за вршење евалуација што ја спроведува Универзитетот„Св. Кирил и Методиј", како и за вршење на надворешна евалуација што ја врши Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

**Постапката** за смоевалуација се базираше на неколку **постоечки документи**:

- Извештаите за самоевалуација на УКИМ ИСППИ од септември 2002 и јуни 2007 година
- детално разработени и ажурирани наставни програми
- досие за секој студент
- детален ажуриран преглед на наставници по предмети со број и распоред на часови по студиски години
- детални годишни извештаи за целокупната работа на ИСППИ и тоа: научна, наставна и апликативна
- CV-а за секој предметен наставник
- евидентиран број на публикувани извештаи за реализирани проекти
- преглед на реализирани научно-истражувачки и апликативни проекти, како и одбранети магистерски и докторски тези за секоја календарска година
- WEB страница на институтот
- детален опис на пооделните студиски програми
- евиденција за расположив простор и опрема на Институтот
- одредена ажурност на наставно-научниот кадар во доставување на лични податоци од анкетирањето спроведено од комисијата

Постапката за смоевалуација се одвиваше во следните чекори:

1. **Детално запознавање со целите на самоевалуацијата.**
Сите членови од формираните комисии беа запознаени со целите на самоевалуацијата, сегментите кои требаше да бидат предмет на евалуација, начинот на кој требаше да се спроведува постапката, како и изворите кои требаше да бидат основа за критичка анализа на состојбите;

2. **Правење на план и прераспределба на обврските и задолженијата.**
На заедничка средба се направи план за спроведување на постапката со точно дефинирање на задолженијата на секој член од комисиите;

**3. Прибирање на податоци од различен вид на ивори.**
Прибирањето на податоците течеше со континуирана соработка со дел од наставно-научниот кадар, со административниот кадар вклучен во административните работи поврзани со постдипломските студии, како и управувачкиот кадар на ИСППИ;

**4. Дискусија и критичка анализа на собраните податоци.**
Дискусијата вклучуваше критичка анализа на состојбите, расправа за сите издифиренцирани слабости, предности-силни страни, можности, како и потешкотии/пречки при изведување и реализација на основната цел на своето постоење на ИСППИ и

**5. Пишување на извештај од спроведената самоевалуација.**
Извештајот ја следеше формата од Упатството за самоевалуација на единиците на Универезитетот, донесено на Универзитетскиот сенат, на 9та седница одржана на 30.4.2013 година.

## *II.СЕГЕМЕНТИ НА САМОЕВАЛУАЦИЈА*

### II.1 Опис на ИСППИ

Во 1965 година, со Одлука на Универзитетскиот совет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е формиран Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања со следните задачи: научно да ги проучува социолошките и политичко-правните појави во земјата, да го поттикнува и организира проучувањето на прашањата од социолошките и политичко-правните науки и од развитокот на општеството, да ги разработува и усовршува истражувачките методи во општествените науки; да работи на усовршување на научните кадри и да подготвува научен подмладок од областа на социолошките и политичко-правните науки; да обезбедува материјални и други услови за студиска и истражувачка работа; да организира разни форми на работа со стручни кадри заради нивно оспособување за самостојна научна работа; да организира собирање на документација за изведување на практична настава и вежби на наставата на факултетите и општествените науки на Универзитетот во Скопје; да обезбедува настава од сите степени по општествени науки за сите факултети на Универзитетот во Скопје; да организира претставување на проблемите од областа на социолошките и политичко-правните науки по пат на советување, дискусии и други погодни форми; да ги обезбедува и непосредно соопштува резултатите од својата научно-истражувачка работа; да издава публикации; да развива сестрана научна соработка со соодветните установи, организации и поединци што се занимаваат со проучување на социолошките и политичко-правните науки во земјата и странство.

Оваа одлука на Универзитетскиот совет, според тогашната процедура, ја потврдува Извршниот совет на Собранието на СРМ на 5.02.1965 година.

Врз основа на горното, Универзитетскиот совет на својата редовна 85 седница, одржана на 27.05.1965 година донел Одлука со која за вршител на должноста директор на Институтот го именува Проф. д-р Александар Христов.

Со овие акти, Институтот ја започна својата активност преку матичната комисија формирана на 21.10.1965 година. До крајот на 1965 година избрани се три научни соработници, шест асистенти и двајца стручни соработници. Изготвена е програма за научно-истражувачката работа во 1966 година. По изборот на уште неколку научни и стручни соработници во мај 1966 година се конституирани органите и телата на Институтот: Работнички совет, Научниот совет и Управниот одбор - преку кои се донесени основните нормативни акти – Статусот на Институтот и неколку правилници.

Врз основа на овие акти и одлуки на органите создадени се основните услови за работа на Институтот: кадровски, организациони, материјални, просторни и слично.

Во подоцнежната постапка, пополнети се повеќето од систематизираните работни места, така што на почетокот на 1967 година во Институтот се вработени 22 лица (научни работници, асистенти, стручни соработници и други вработени).

Институтот започнал да ја остварува својата дејност преку работата на неговите кадри, организирани во научно-истражувачки, стручни сектори и сектор за заеднички потреби.

Научно-истражувачките сектори во своите рамки формираат научно-истражувачки тимови чија основна задача е систематски да ги следат и анализираат одредени општествени феномени и достигнувања на научната мисла во потесните научни подрачја, да иницираат и реализираат научно-истражувачки проекти и други задачи.

Во почетокот на работењето на Институтот биле формирани 2 научно-истражувачки сектори: социолошки и политиколошки. Програмско-предметната структура на научно-истражувачката работа во секторот за социолошките истражувања била организирана во неколку научни групи: општа социологија, рурална социологија, социологија на градот, социологија на културата, општествена патологија, научно-истражувачка методологија. Секторот за политичко-правни истражувања бил составен од научно-истражувачки групи: за општествено-политичките организации, за проучување на комуната, за собранискиот и изборниот систем, за политичката структура на општеството, за проучување на самоуправниот систем и процесот на самоуправно одлучување.

Со кадровското зајакнување на Институтот, со проширувањето на научните области и продлабочувањето на научната анализа, се наметнала потребата од формирање на нови научно-истражувачки организациони единици. За таа цел во последните неколку години во Институтот се формирани уште шест нови организациони единици за вршење на научно-истражувачката дејност и тоа: Центар за развој на менаџментот и човечките ресурси; Центар за етнички односи и безбедносни прашања; Центар за применета политика и јавна администрација; Центар за криминологија; Центар за комуникации, медиуми и култура; Центар за човекови права; а во минатата година уште и Центарот за поддршка и олеснување на меѓуетничките спорови и Центарот за развој на зедницата.

Во функција на развивање на применетата наука, поточно примена на современите теориски размислувања во реалното живеење, уште во 2006 е формирана и активно работи Психолошката Лабораторија. Во рамки на Лабораторијата се спроведуваат обуки за стекнување на вештини кои се неопходни за личен раст и развој, како и за успешна реализација на професионалната дејност. Спроведени се и неколку експерименти, кои значат токму примена на сознанијата од психологијата. Пред 2 години е формирана и Лабораторијата за менаџмент на човечки ресурси

Во функција на остварувањето на научно-истражувачката дејност и на другите дејности во Институтот, продолжува со работа Одделението за информации и документација (ИНДОК) и Одделението за административни и општи работи.

За развојот и за остварувањето на научно-истражувачката работа воопшто, и одделно по научни области, примарно значење има научниот кадар. Бројот и структурата на кадровскиот потенцијал во Институтот отсекогаш бил еден од клучните проблеми. Иако постојано постоела свест за овој проблем и се создавани претпоставки за негово решавање (организирање на постдипломски и докторски студии)- одливот на оформените научни кадри од Институтот никогаш не го ослободија од проблемот на недоволен состав на кадрите со кои тој ја извршуваше својата основна дејност - научно-истражувачката. Во Институтот никогаш не е постигната оптимална кадровска структура потребна за остварување на неговата дејност. Таа секогаш балансирала помеѓу приемот на млади научни кадри, одливот на оформените научни кадри на високообразовните институции и ограничените материјални можности. Од друга страна пак, значителното движење на научните кадри од Институтот во општата кадровска состојба во Републикава, претставува придонес на Институтот во создавањето на научен и наставен кадар на универзитетите во Републиката (колку за илустрација: од основањето до денес, од Институтот за

наставници во речиси сите наставни звања на Правниот, Филозофскиот и на некои други факултети заминати се повеќе од 30 научни работници. Исто така, за одбележување е дека значаен број на институтски соработници извршувале и извршуваат значајни државни и други функции. Оттука, со право може да се каже дека Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања претставува научна институција за создавање на квалитетни научни кадри не само за своите потреби, туку и за пошироката заедница.

Треба да се подвлече дека во последните седум до осум години подобрена е кадровската структура на вработените во Институтот единствено во смисла на усовршување и стекнување со повисок степен на образование и повисоки научно-наставни звања на вработените, и прием на соработници (иако во мал број) со повисоки научно-наставни звања.

Денес (заклучно со декември 2013 година) кадровската состојба на Институтот е следната: *научен и соработнички кадар* вкупно 17, од кои доктори на науки 16 (види Табела бр. 1) и 1 магистер; *стручен и административен кадар* (види Табела бр. 2) вкупно 8, од кои 6 се со средно образование, а 2 се магистри.

Иако постои тенденција на подобрување на кадровската структура на Институтот, определбата за негово кадровско зајакнување (прием на млади научни кадри и научно-стручно усовршување на постојните) ќе биде актуелна и во наредниот период.

Исто така, останува актуелна и определбата за ангажирање на надворешни научно-наставни соработници од Универзитетот во земјата и во странство - за реализација на научно-истражувачките проекти и постдипломските и докторските студии. Институтот надворешните соработници ги ангажира за реализирање на дел од истражувањата за кои не располага со соодветен кадар или истиот е преангажиран.

Треба да се напомене дека поголем број надворешни соработници, претежно се поранешни истражувачи од Институтот.

Бројот на студенти за кој е добиена акредитација (акредитацијата се однесува за бројот на студенти кои можат да се запишат на втор циклус на студии во една учебна година) изнесува 270 студенти на втор циклус на студии.

Решенија од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование за акредитација на едногодишни студиски програми од втор циклус студии се вкупно 6: Политички науки, Социлогија- менаџмент на општествени промени, Менаџмент на човечки ресурси, Комуникации, Нови медиуми и социјални мрежи, Културата во ерата на кибернетиката); Решенија од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование за акредитација на двегодишни студиски програми од втор циклус студии се вкупно 6, и тоа: Политички науки, Социлогија- менаџмент на општествени промени, Менаџмент на човечки ресураси, Комуникации, Нови медиуми и социјални мрежи, Културата во ерата на кибернетиката; Решенија од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование за акредитација на едногодишни студиски програми од втор циклус –специјалистилки студии се вкупно 2 (Политички науки и Менаџмент на човечки ресураси); Решенија од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование за акредитација на тригодишни студиски програми од трет циклус студии се 4: Социлогија на организациата, Социлогија на окружувањето, Демократија во ера на глобализација, Организациски науки и управување (менаџмент).

## II.2 Мисија и цели на ИСППИ

Основните цели на Институтот во изминатиот период беа развој на научно-истражувачката и образовната дејност. Другите дејности (издавачката, информативно-документационата и др.) кои тој ги развиваше и ги развива, повеќе или помалку, се во функција на поефикасно остварување на основните: научно-истражувачката и образовната.

На почетокот, научно-истражувачката работа на Институтот се одвивала во неколку области: социолошки, политиколошки, правни, а денес и во голем број на потесни и/или интердисциплинарни истражувања, како што се истражувањата во областа на комуникациите, медиумите, менаџментот на човечките ресурси, културата, социјалната и политичката психологија, кибер психологија, како и психометријата.

Во областа на социлошките науки, истражувањата биле насочени кон: проучувања на структуралните промени, глобалните општествени односи, и усовршување на методологијата на научно-истражувачката работа. Во зависност од динамиката на општествените промени и процеси, постојано се зафаќаат нови социолошки подрачја и теми, актуелни за научната мисла и за вкупниот општествен развој на земјата.

Тематските истражувања во социолошката област се групирани во неколку подрачја: рурално-социолошките проблеми, структурата и миграциите на населението, општествената мисла, свеста и религијата, урбанолошките проблеми, социјалната екологија, социјалниот развој и популацијата, општествено-патолошките појави и движења. Во овие тематски подрачја се оформени неколку групи на проекти кои долгорочно се развиваат во посебни теми кои соодветствуваат на развојот на општествените односи и процеси.

Во политиколошката област, истражувањата се групирани во подрачјата: политички систем и политички процеси, парламентарна демократија, јавно мислење, информирање и комуницирање.

Тематската насоченост и динамиката на научно-истражувачките проекти беа определувани од неколку фактори: од програмската ориентација на Институтот, од неговите кадровски и материјални можности, од општествените потреби итн.

Од увидот на тематската насоченост на научно-истражувачките проекти што ги реализирал Институтот, може да се констатира дека тој секогаш бил ориентиран научно да ги следи и анализира оние процеси и односи кон кои бил изразен научниот и поширокиот општествен интерес.

Имајќи го предвид фактот дека нашата Република немала формиран научно-истражувачки кадар во областите во кои се движеле научно-истражувачките проекти, Институтот, после две години од неговото основање се ориентирал кон организирање на постдипломски студии од областа на социолошките и политичките науки. Организирањето на постдипломските студии претставувал значаен и одговорен потфат со кој Институтот создавал кадровска основа за својот развиток и за реализирање на научно-истражувачката програма.

Според тоа, научно-истражувачката и образовната дејност на Институтот (постдипломските и докторските студии) и денес претставуваат две негови основни дејности, кои меѓусебно се надополнуваат.

Кога станува збор за организирањето на постдипломските и докторските студии, треба да се нагласи дека тие имаат пошироко значење, бидејќи формираниот научен кадар не ги задоволува само потребите на Институтот, туку и потребите од таков кадар и на други научно-образовни организации во Републиката и странство.

Со концепцијата за организација на постдипломските студии и стекнувањето на доктората на науки, Институтот обезбедува не само стандардизација во рамките на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, туку и примена на високи европски и светски стандарди во овие дејности.

Во доменот на издавачката активност, Институтот во изминатиот развоен период има постигнато значајни резултати. Имено во овој четириесет и осум годишен период Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања има објавено 154 посебни наслови (монографии, зборници на документи, зборници од научни собири, библиографии, Годишник и друго). Во нив се соопштуваат теоретските и емпириските сознанија од реализираните научно-истражувачки проекти. Најбројни се изданијата од социолошките и политиколошките истражувања, а потоа од правните, историските и другите науки.

Од 1975 до 2011 година редовно излегуваше Годишникот на Институтот – списание во кое се презентираа резултатите, односно позначајните достигнувања во областа на социолошките, политичките, правните науки, менаџментот, комуниколошките и психолошките науки. На страниците на Годишникот, покрај научните работници од Институтот, се јавуваа и надворешни соработници на Институтот. Изданијата на Институтот претставуваа една од формите на комуницирање на научните и другите соработници со научната и пошироката јавност во Републиката и во странство.

За одбележување е дека голем дел на научни и стручни трудови, учебници и прилози се објавени надвор од изданијата на Институтот.

Еден голем дел од научно-истражувачките резултати, по нивното завршување се презентираат на јавноста.

Во својата севкупна дејност Институтот остварува соработка со повеќе научни, образовани и други институции во Републиката и во странство. Оваа соработка се остварува преку дефинирање и реализација на заеднички научни проекти, организирање на заедничка постдипломска настава, организирање на заеднички научни собири и размена на изданија и публикации, семинари и друго.

Најплодна соработка Институтот има остварено со Правен факултет – Скопје, Филозофски факултет – Скопје, Економски институт – Скопје, Холандски интернационал институт за менаџмент – Маастрихт, Универзитет во Линколн – Небраска, САД, ГФК – Брисел и други. Меѓународната соработка на Институтот се остварува преку реализацијата на неколку заеднички проекти – финансирани од меѓународни организации, меѓународни симпозиуми, постдипломски студии и престој на научни и други работници во странство.

## II.3 **Стратегија за остварување на мисијата**

За остварување на основните цели и задачи, во стратегијата на ИСППИ е дефинирано започнувањето со активности  за изработка на посебни програми кои ќе содржат:

-Утврдување и реализирање на научноистражувачки проекти од посебен јавен интерес со цел да се обезбеди стабилен извор на средства;

-Развој и стимулирање на научно истражувачки проекти кои својата вредност ќе ја валоризираат на пазарот;

-Преиспитување и осовременување на методологијата на истражувањата во која ќе бидат вградени досегашните методолошки искуства на Институтот;

-Согледување на можностите за оптимално иницирање и реализирање на научноистражувачката дејност по пат на интердисциплинарни и мултидисциплинарни проекти;

-Доизградување на организациониот концепт на истражувањата, преку намалување на подготвителната фаза и создавање на доволен простор за изготвување на аналитички материјал и интерпретација на иститот;

-Развивање и осовременување на формите за комуницирање со научната и пошироката јавност на соработниците на Институтот;

-Преземање на активности за интензивирање на издавачката дејност и изготвување на критериуми за соопштување и комуникација на истржаувачките резултати и сознанија.

За да може науката да го има своето место, улога и значење на моќен фактор во општествено-економскиот развој на земјата, природно е дел од потребните средства да бидат обезбедени од јавните фондови.

Во таа смисла, ќе се покренат активности за создавање на реална и оптимална материјална основа за работењето на институтот, а притоа посебно ќе се настојува на изградба на целосен и систематски начин на финансирање на оваа научна институција.

Заради остварување на целокупната дејност на Институтот (научно-истражувачката, образовната, издавачката и другите посебни функции на Институтот) неопходно е особено внимание да се посвети на следното:

-Во структурата на средствата за работењето  на Институтот, Министерството за наука и понатаму да остане еден од основните извори на финансирање на научно-истражувачката работа;

-Заложба за реално вреднување на цената на трудот во науката, што ќе овозможи зголемување на личниот стандард на вработените;

-Согледување на можности за утврдување на нови основи, мерила и критериуми за финасирање на научно-итражувачките проекти;

-Продолжување и натамошно воспоставување на соработка со други корисници на истражувачките резултати (надоврешни нарачатели), во зависност од заедничките интереси и потреби;

-Рационализација во трошењето на средствата, но, истовремено и постигнување на оптимални резултати:

Прашањата во доменот на утврдувањето на кадровската политика и нејзината реализација имаат одраз врз научно-итражувачкиот и образовниот процес во Институтот. За остварувањето на основната дејност на Институтот – научно-образовната, потребно е подобрување на кадровскиот состав на Институтот во некои научно-наставни подрачја и негово доведување во корелација со реалните потреби на Институтот, односно таква кадровска основа со која ќе може поефикасно и на повисоко научно ниво да се извршува научно-образовната дејност на Институтот.

Како основен извор на кадри ќе претставува научното и стручното оспособување на постојниот кадар преку постдиплоските и докторските студии на Институтот.

Бидејќи овој процес е долг, Институтот и во наредниот период ќе продолжи со натамошно развивање на соработката со научно-образовните институции на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и други факултети во земјата и странство – од областите во кои се одвива научно-образовната активност на Институтот.

Осовременувањето на наставните програми и планови на постдипломските студии, чија цел е создавање на специјализирани научни кадри, е можност за јакнење на кадровската основа на Институтот, но и за задоволување на потребите на современиот општествено-стопански развој на Републиката.

## *II.4 Студиски и предметни програми*

Во рамките на ИСППИ постојат 6 студиски насоки, кои реализираат настава од втор циклус: едногодишни, двогодишни и специјалистички студиски програми. ИСППИ учествува и во реализацијата на третиот циклус на студии.

<u>Опис на студиските програми:</u>

*1.Втор циклус на студии*

**А.Едногодишни студиски програми**:

- Политички науки,
- Социологија-менаџмент на општествени промени,
- Менаџмент на човечки ресурси,
- Комуникации,
- Нови медиуми и социјални мрежи,
- Културата во ерата на кибернетиката

**Б. Двогодишни студиски програми:**

- Политички науки,
- Социологија-менаџмент на општествени промени,
- Менаџмент на човечки ресурси,
- Комуникации,
- Нови медиуми и социјални мрежи,
- Културата во ерата на кибернетиката.

**В: Специјалистички студии**

- Политички науки,
- Менаџмент на човечки ресурси,

*2.Трет циклус на студии:*

Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е организатор на трет циклус студии-докторски студии по:

А.Социолошки науки:

-Социологија на организација,

-Социологија на окружувањето,

Б.Политички науки:

-Демократија во ера на глобализација,

В.Организациски науки и управување (менаџмент).

Табелата бр. 3 со година на започнување, број на семестри, број на предмети, број на часови по студиска програма е дадена во прилог.

Опис на целите на студиските програми:

**1. Политички науки**. Првите постдипломски студии по Политички науки во Македонија биле организирани во почетокот на 70-тите години во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања. Како универзитетска институција во која практично започна научноистражувачката дејност во областа на политичките науки, ИСППИ негувал еден приод во студиите кој значел примена на класичните, но и на современите методи во наставата. Фактот што како предавачи се јавуваат искусни и докажани истражувачи и научни работници, придонесол, покрај теоретскиот, да се негува и научноистражувачкиот пристап во совладувањето на предвидените наставни програми и содржини. Основна цел на така поставените студии е, да се оспособат студентите теоретските сознанија и концепти од областа на политичките науки да ги користат за анализа на општествената стварност и да нудат решенија/препораки за проблемите.

Магистрантите, по успешното завршување на програмата, се стекнуваат со звање магистер по политички науки, со можност за вработување во различни области, како на пример: државна администрација, политички партии, министерства, локална самоуправа, медиуми, меѓународни организации и фондации итн.

2. **Социологија – менаџмент на општествени промени**. Целта на овие студии е да понуди специјализирано знаење во областа на социологијата на промените, но, и во одделни социолошки дисциплини. Курсот е наменет за кандидати кои имаат завршено додипломски студии по општествени науки и веќе имаат определено ниво на познавања од областа на социологијата и кои покажуваат желба и способност за насочување во определени области. Во наредните неколку години ќе се профилираат кадри од социо-политиката и социо-културата. Овој курс е со изразена истражувачка ориентација.

Магистрантите, по успешното завршување на програмата, се стекнуваат со звање магистер по социолошки науки – менаџмент на општествени промени.

3. **Менаџмент на човечки ресурси.** Постдипломските студии по кадровски менаџмент, сега менаџмент на човечки ресурси, егзистираат од учебната 1991/92 година и воедно претставуваат прв постдипломски студиум по менаџмент на човечки ресурси во земјава кој нуди продлабочено теоретско и практично знаење за современите процеси и феномени во менаџментот на човечки ресурси. При реализацијата на студиите се поаѓа од холистичкиот пристап на третирањето на организацијата (фирмата, институцијата) како доминантен објект на проучување, и улогата на човечките ресурси во неа, со нагласен апликативен развоен карактер: од дијагноза на состојбите, преку проектирање, до имплементирање на решенија за менување на состојбите кои ги засегаат човечките ресурси. Во таа насока студентите се охрабруваат своите семинарски, специјалистички и магистерски трудови да ги темелат на реални проблеми и конкретни организации. Интересите на поединците и кандидатите што се дел од постдипломските студии се задоволуваат со системот на изборни предмети од и вон студиската програма. Предметните програми предвидени со наставниот план овозможуваат продолжување на трет циклус. Цел на студиската програма од втор циклус од областа менаџмент на човечки ресурси е да им овозможи на студентите да стекнат продлабочени знаења од областа менаџмент на човечки ресурси, како и специфични знаења од истата област поврзана другите области на организациските науки и примена на знаењата во деловна средина.

Магистрантите, по успешното завршување на оваа програма, се стекнуваат со звање магистер по менаџмент на човечки ресурси.

4. **Комуникации.** Постдипломските студии по комуникации се дизајнирани како студии кои опфаќаат анализа и теорија на динамиката на целосниот комуникациски процес во модерното општество. Методолошкиот пристап во студирањето има за цел примена на интегриран и интердисциплинарен пристап кој првенствено се темели на класичните и модерни методи на општествените науки. Заедно со изучувањето и примената од пошироките области на комуникациската и социо-политичката теорија, целите на студиите се да овозможуваат развивање на палета различни пристапи за примена на моќни облици за анализа на медиумските системи и медиумските пораки.

Студиите се занимаваат со општествено-социјалниот контекст во кој се одвива комуникацијата, и со културните и идеолошки импликации кои се резултат на тие комуникациски процеси, како и со влијанието на нивните комуникациски и медиски технологии во мултимедијалното опкружување. Во студиите, со помал обем, е вклучено и изучувањето на интерперсоналната комуникација.

Сите наведени аспекти на студиите, особено примерите за анализа и примена на теоретските принципи, кога тоа е можно, се применуваат во контекстот на современата реалност на македонското општество, но сепак сместени во пошироки европски и светски рамки. Магистрантите, по успешното завршување на програмата, се стекнуваат со звање магистер по комуникации.

**5.Нови медиуми и социјални мрежи.** Целта на постдипломските студии по комуникации за „Нови медиуми и социјални мрежи” е да понуди специјализирано знаење и анализа во областа на комуникациите. Областа на новите медиуми е една од најбрзо растечките подрачја на полето на комуникациите, социјалните мрежи и граѓанското новинарство. Светот стана „дигитален” и со тоа сé што не опкружува се дигитализира и поврзува. Мора да се прилагодуваме на она што живее во јавната сфера и меѓу луѓето. Во светот се случува „комуникациска револуција“ и ние сите мора да се вклучиме, да учиме и да работиме во дигиталниот свет.

Новите медиуми се убедливо еден од најатрактивните делови на дигиталната комуникација и со нивното појавување започна да се преиспитуваат многу „стари“ работи и

технологии. Најпрвин очигледно е дека се променија брзината и начинот на комуникација меѓу луѓето. Луѓето веќе живеат он-лајн, поточно комуникацијата е непрекината. Потоа, комуницираат сè повеќе луѓе на сè поголем простор. Следно, се комуницира од најразлични причини и на различни теми. Но, што е најважно, комуникацијата во квантитет веќе почнува да дава нов квалитет. Се менуваат животните навики и филозофии, но и начинот на комуникација и протокот на информации квалитативно го менуваат нашиот однос кон животот. Ова е област која допрва ќе се развива како во интерперсоналното комуницирање, така и во граѓанското новинарство, глобализацијата, политичката комуникација, културата и многу други области, сите достапни за обичниот човек.

Програмата е наменета за кандидати кои имаат завршено додипломски студии пред сé по комуникации, новинарство, односи со јавност, компјутерски програмери, програмери на софтвери, социологија, политички и други општествени науки и веќе имаат определено ниво на познавања од областа на комуникациите и кои покажуваат желба и способност за напредување во областа. Но, и за студенти кои љубовта кон комуниколошките науки ја откриле во подоцнежниот развој на своите кариери. Овој курс е со изразена комуниколошка и истражувачка ориентација. Магистрантите, по успешното завршување на програмата, се стекнуваат со звање магистер по комуникации- нови медиуми и социјални мрежи.

6. Постдипломските студии од областа на **културата во ерата на кибернетиката** имаат за цел да го проучат присуството, значењето и манифестацијата на културата во нејзините најразлични комплексни форми, односите на моќ, како и процесот на глобализацијата и социокултурните промени во рамките на современото општество, но и во еден поширок историски контекст. Овој студиум го темели изучувањето на прашањата од областа на културата во ерата на кибернетиката во согласност со толкувањето на концептот на културата сфатена како изразувачки дух на целокупниот начин на живеење којшто се манифестира преку севкупниот домен од општествени и културни активности, како: јазикот, уметничките стилови и различните видови на интелектуална дејност, но истовремено и како целовит општествен поредок конструиран како резултат на постоечката култура и останатите општествени чинители. Во таа смисла, посебен акцент ќе биде ставен на присуството и влијанието на информатичко-комуникациските технологии - со сите нивни префикси како е-, и-, инфо-, техно-, блого-, вики-, P2P- итн., и термини, односно придавки како кибернетички, виртуелни, мрежни, онлајн, чет итн. - во редефинирањето и редизајнирањето на современиот концепт на културата, односно културата во 21-от век.

Основната цел на така поставената студиска програма е збогатување на студентите со теориски сознанија од областа на културата, но и оспособување во смисла на тоа како истите тие сознанија да ги искористат за анализа на современите општествени појави и новите културни феномени во кибернетичката ера, како и пронаоѓање на соодветни решенија за актуелните проблеми поврзани со општествената стварност и глобализациските процеси. Магистрантите, по успешното завршување на програмата, се стекнуваат со звање магистер по културологија.

Степенот на предметните содржини што ги исполнуваат целите

Предметните содржини целосно ги исполнуваат зададените цели на студиумите. Преку задолжителните предмети студентот се здобива со знаења: како да креира емпириско истражување со соодветна употреба на методологија и има познавање на сите фази на истражувачкиот процес (подготовка, реализација, толкување на резултатите и пишување на истражувачки извештај); покажува високо специјализирано знаење во областа на соодветните студиуми; се оспособува за самостојна анализа на теориските концепти и се оспособува за оригинално и самостојно истражување, како и практична апликација на резултатите. Преку изборот на дел од изборните предмети студентите го насочуваат своето знаење и се профилираат

во поконкретна област, а како краен дел на овој процес претставува изборот на темата и изработката на магистерскиот труд.

Предметните содржини во целост соодветствуваат со дипломата со која се стекнуваат студентите по завршувањето.

Начин на кој се реализира студентската практика

Како услов за полагање на секој испит студентите треба да изработат семинарска работа. Исто така како дел од студирањето е и подготовката на проектни задачи. Студентите од следната академска година како задолжителна активност ќе ја имаат и праксата која ќе носи 6 кредити.

Дали е цитирана основната литература за учење

Во секој предмет е изработен курикулум во кој е наведена задолжителната и изборната литература (која се одредува во соработка со студентот и зависи од неговите афинитети). Задолжителната литература е во склад со научните знаења и новите текови за секоја од опфатените области.

Соодност на број на часови за предавања и број на часови за вежби

Предавањата и вежбите претставуваат една целина која ја води и за која е одговорен предметниот наставник. Соодносот на часови предавања и вежби делумно задоволува бидејќи бројот на предвидени часови за одредени предмети е помал од потребата на студентите. Бројот на часови се определува од страна на Директорот и Институтската управа согласно бројот на запишани студенти.

| **SWOT анализа** | **Студиски и предметни програми** |
|---|---|
| Силни страни  | • Голем избор на студиски програми (од кои повеќето се први од таков карактер, основани во земјата)<br>• Современи студиски и предметни програми<br>• Јасно дефинирани цели на студиските програми кои во детали го опишуваат соддветниот студиум<br>• Предметни содржини кои целосно ги исполнуваат зададените цели на студиумите<br>• Предметни содржини кои во целост соодветствуваат со диполомата со која се стекнуваат студентите по завршувањето<br>• Предвидени проектни задачи и научно-истражувачки проекти во содржината на секој наставен предмет<br>• Наведена задолжителна и изборна литература за секој предмет, која е во склад со научните знаења и новите текови за секоја од опфатените области<br>• Студиската програма е интегрирана во кредит-трансфер системот |

| | |
|---|---|
| Слаби страни  | • Бројот на предвидените часови за одредени предмети е помал од потребата на студентите (а бројот на часови се определува согласно запишаниот број студенти)<br>• ИСППИ не нуди курсеви/предмети на странски јазици (што е потребно за меѓународна размена на студенти)<br>• Нема организирано доволно пракса паралелно со теоретската настава |
| Можности  | • Отворање на студиски програми со меѓународен карактер (joint degree) со партнерски институции од реномирани универзитети во ЕУ (ИСППИ веќе има потенцијални партнери) |
| Пречки,  закани | • Нелојална внатрешна конкуренција во рамки на УКИМ (отворање на идентични студиски групи на другите единици)<br>• Нелојална конкуренција од одредени државни и приватни универзитети (ниски критериуми, скромни барања, слаб квалитет) |




**Слика бр. 1** *Графички приказ на SWOT анализата на студиските и предметните програми*

## *II. 5 Наставно-научен и соработнички кадар*

Вкупниот број на вработените во ИСППИ со полно работно време во последните 5 години изнесува 32, од кои 21 се вработени како научен и соработнички кадар (20 доктори на науки и 1 магистер), а 12 како стручен и администаривен (од кои 2 се со магистри, 1 е со воско, 1 со вишо и 8 со средно обрзование). Табелите (број 4 и 5) со вкупниот број на вработени со полно работно време во последните 5 (пет) години (2009 - декември 2013) се дадени во прилог.

Структурата на наставниците и соработниците за реализација на наставата на секоја студиски програма е дадена во табела бр.6 во прилог. Табелата покажува дека сите наставници на студиска програма се со академски степен *доктор на науки,* при што најголемиот број се редовни професори (вкупно 55), па следат доцентите (вкупно 17) вонредните професори (вкупно 10 ) и 3 асистенти.

За дел од наставните содржини по одреден предмет се практикува предавања да држат гости предавачи. Бројот на ангажирани гости предавачи варира согласно бројот на студентите, па оттаму и оформените групи за предавања и бројот на часови.

Годишниот фонд на часови по предмет исто така варира согласно бројот на запишани студенти на конкретната студиска програма.

Сите наставни предмети се целосно покриени со наставници, поточно секој предмет на сите студиски програми е покриен со минимум еден наставник, кој е избран на соодветниот предмет. Со оглед дека ИСППИ организира солиден број на студиски програми, а сите програми се реализрани со голем број предмети кои ја покриваат целосно комплексноста на студиската програма, оттаму, ИСППИ може да се пофали со интердисциплинарноста на својот научен и соработнички кадар, како и интердисциплинарност на кадарот кој е ангажиран од другите едници на УКИМ, па ќе се каже дека на сите студиски програми се вклучени 6 доктори по економски науки, 5 доктори по социологија, 4 доктори по политички науки, 4 доктори по техничко-технолошки науки, 3 доктори по менаџмент, 2 доктори по комуникации, 2 по филозофија, 1 доктор по правни науки, 1 по антропологија, и 1 доктор по географија.

Сите наставници се оценувани од страна на студентите по различни криетриуми, кои се опишани подетално во сегментот на студентите, и редовно добиваат високи просечни оценки по речиси сите критеруими.

| **SWOT анализа** | **Наставно-научен и соработнички кадар** |
|---|---|
| Силни страни<br> | • Изборот и реизборот на сите наставници е согласно законската регулатива и редовно се извршува во предвидениот временски рок (во полза на вработениот научен/соработнички кадар)<br>• Секој предмет е покриен со минимум еден наставник избран на соодветниот предмет<br>• Наставници кои доаѓаат од различни научни дисциплини со што целосно се задоволува комплексноста/ интердисциплинарноста на програмите<br>• Речиси сите наставници се со високи просечни оценки на анкетите што се спроведуваат за оценка на квалитетот на наставата<br>• Научен кадар кој е теоретски и методолошки квалификуван и компетентен за извршување на научно-истражувачка работа |
| Слаби страни | • Недостаток на наставно-научен кадар, особено во некои области (ова не е идентично со одлевање)<br>• Одлевање на квалитетни кадри на други Универзитети во РМ (најчесто поради подобри работни услови)<br>• Редовно заминување на вработени во пензија, без навремено одобрување (од страна на Мин. за финансии и Мин. за образование и наука) за соодветна замена (згаснување на |

| | |
|---|---|
|  | работното место, непостоење на можност за долгорочно планирање на човечките ресурси) |
| Можности  | • Ангажирање на млади кадри (селекција од најдобрите студенти) со договор за привремено вработување и финансирање со сопствени средства (преку добиени проекти/грантови) |
| Пречки,  закани | • Тешкотија при вработување на млади кадри и нивно вклучување во наставната програма и научно-истражувачката работа (ретко се одобруваат вработувања или се усложнува постапката)<br>• Неможност (во финансиска смисла) за континуирано усовршување на наставниот кадар, преку нивно учество во обуки/семинари организирани на светски центри<br>• Законот за работни односи со кој згаснува работното место при заминување во пензија/отказ/смрт и сл., и на пополнувањето на постоечките работни позиции се гледа како на барање за нови вработувања |




**Слика бр. 2** *Графички приказ на SWOT анализата на наставно-научниот и соработничкиот кадар*

## *II.6 Наставно образовна дејност*

Студиските програми се академски студии, од втор циклус на универзитетски студии, и се организирани и се изведуваат според Европскиот Кредит Трансфер Систем.

Во наставно-образовниот процес се применуваат разновидни начини, облици, методи и технологии. Најчесто се користат аудовизулени методи, односно комбинација на предавања од предметните наставници со употреба на презентации во power point; студии на случај; симулации; играње на улоги; дискусии; работилници и сл.

Наставниот кадар соодветно ги користи сите современи технологии што постојат на располагање во наставно-образовниот процес, како што се компјутери (десктоп и лаптоп), прожектори, програмски пакети/софтвери (Microsoft Office, SPSS, Gradekeeper, HeRMeS и сл.) и информациони бази (EBSCO, COBISS итн.)

За потребите на наставата редовно се поканувaат надворешни соработници, поконкретно се ангажираат лица избрани во наставно-научни звања од редовите на вработените во единиците на УКИМ, реномирани професори/научници од меѓународната академска заедница, како и гости предавачи (експерти од праксата).

За проверка на стекнатите знаења се користат методите: тестови на знаење; усни испити; и задолжителна проектна/семинарска задача (со усна презентација), за секој од испитите/предметите.

За успешно комплетирање на студирањето е неопходно студентот да пријави, изработи и јавно да одбрани магистерски/специјалистички труд на научно и општествено оправдана тема од конкретната област/дисциплина. Магистерскиот труд покрај теоретскиот дел мора задолжително да содржи и емпириски дел, во форма на квалитативно или квантитативно истражување (или комбинација од двата пристапа), со јасно дефинирана и прецизирана истражувачка методологија, и презентација и интерпретација на добиените податоци. Со тоа студентите стекнуваат знаења и вештини кои им овозможуваат да бидат квалификувани и компетентни да се занимаваат со научна работа, соодветно на степенот на образование – магистер.

Во текот на студирањето студентите се стекнуваат со вештини специјализирани за разрешување на проблеми, кои се потребни при истражување или иновација за да се изгради ново знаење или процедури и да се интегрира знаењето од различни области. Знаењето, вештините и компетенциите што се развиваат на секоја од одделните студиски програми, подетално се опишани во општите и специфичните дескриптори во акредитационата документација на секој од модулите посебно. Заради просторот, описот на вештини ќе биде ставен во прилог (Табела бр.7).

Бројот на студентите кои се запишале во последните 3 учебни години изнесува 192 и по години е даден во табела бр. 8 во прилог. Се забележува тренд на драстично опаѓање на бројот на студенти кои се запишале на студиските програми од втор циклус, по од 85 новозапишани студенти во учебна 2010/2011, има само 49 новозапишани во учебната 2011/2012 и 58 во учебната 2012/2013.

Студентите кои дипломирале во последните 3 учебни години се вкупно 12 и тоа се оние студенти запишани во 2010/2011. Од последните две генерации сеуште нема магистрирано ниту еден студент (заклучно со ноември 2013).

Бројот на запишани студентите на трет циклус –докорски студии во моментот изнесува вкупно 11: 6 на организациски науки и управување, 4 на политички науки и 1 на социолошки науки.

Во последни 5 години на ИСППИ има пријавено 61 докторски дисертации, а одбранети вкупно 49.

Целиот наставно-образовен процес е евалуиран од страна на студентите во рамки на анкети кои се спроведуваат од страна на Институтот, но и поединечно од страна на некои поединчни професори за некои предмети.

| **SWOT анализа** | **Наставно образовна дејност** |
|---|---|
| Силни страни  | • Студиските програми се академски студии, од втор циклус на универзитетски студии, и се организирани и се изведуваат според Европскиот Кредит Трансфер Систем<br>• Во наставно-образовниот процес се применуваат современи, а истовремено и разновидни начини, облици, методи и технологии<br>• Наставната содржина на секоја предметна програма ги следи современите текови во научната област<br>• Наставниот кадар соодветно ги користи сите современи технологии што постојат на располагање во наставно-образовниот процес<br>• Единствени студии од втор циклус универзитетски студии на УКИМ кадешто е задолжителен предметот методологија на општествени истражувања<br>• Магистерскиот труд покрај теоретскиот дел мора задолжително да содржи и емпириски дел<br>• Студентите стекнуваат знаења и вештини кои се предвидени и соодветни на степенот на образование – магистер.<br>• Евалуирање на наставно-образовниот процес од страна на ступентите<br>• Вклучување на сите студенти во проектни задачи, кои значат вистинска прмена на теретските знаења во практиката<br>• Можности за мобилност на студенти во партнерски институции и преку членството на УКИМ во Еразмус мрежите |
| Слаби страни  | • Малиот процент на студенти кои ги завршуваат студиите во предвиденот рок (најчесто поради приватни причини: немање на време, финансии и сл.)<br>• Мал број студенти ги користат можностите за меѓународна мобилност |
| Можности  | • Модернизирање на наставата преку опремување на постоечките лаборатории во ИСППИ (психолошка лабораторија и лабораторија за развој на методологија за менаџмент на човечки ресурси) со финансиска помош од МОН |
| Пречки,  закани | • Последиците од економската криза (опаѓање на бројот на новозапишани студенти, намалување на годишниот фонд на часови по предмет/наставник, намалување на ангажираните гости предавачи) |




**Слика бр. 3** *Графички приказ на SWOT анализата на наставно-образовната*

## *II.7 Студенти*

Уписот на студентите на сите студиски програми организирани во ИСППИ се врши врз основа на јавен конкурс во рамките на УКИМ.

Бројот на новозапишани студенти во однос на предвидените квоти во последните 5 години е 412, при што во последните 3 години овој број покажува значителен пад.

Студентите редовно учествуваат во оценувањето на квалитетот на наставно-образовниот процес. Тие континуирано го оценуваат истиот според следните критериуми: подготвеност на наставниците за предавањата/вежбите, квалитетот на изведување на наставата (начин на изложување на материјалот), редовност на часовите и рационалното искористување на времето од страна на наставниците, достапноста на наставниците за консултации и комунканција, односот на наставниците кон студентите, обезбеденоста на соодветниот материјал за учење и полагање на предметот, усогласеноста на вежбите со предавањата и нивната временска координираност, корисноста од изведените вежби, објективноста при оценувањето и начинот на реализација на истиот, барања што се поставуваат пред студентите (колоквуим, програма) и тежина на испитот. Оние наставници кои држат предмети за кои не се организираат предавања, туку само одат по менторски систем, се оценуваат само: достапноста за консултации и комунканција, односот кон студентите, обезбеденоста на соодветнот материјал за учење и полагање на предметот и објективноста при оценувањето и начинот на реализација на иситот, како и барања што се поставуваат пред студентите (колоквуим, програма) и тежина на испитот.

Учество на студентите во управувањето на ИСППИ е регулирано според Статутот и другите нормтивни акти на УКИМ. Студентите покажуваат крајна одговорност во однос на оваа нивна обврска. Дел од студентите покажуваат и исклучеитална иницијативност за одредени промотивни активности на ИСППИ пред јавноста. Најголем процент од студентите се активни учесници на работилниците кои се организираат во рамки на пост-дипломската настава, а се однесуваат на развивање на нивните комуникациски вештини, вештини за разрешување конфликти, за критичко размислување и справување со стрес.

| **SWOT анализа** | **Студенти** |
|---|---|
| Силни страни | • Упис на различни профили на дипломирани студенти<br>• Учество на студентите во управувањето на Институтот<br>• Одзив на студентите на анкетите кои ги спроведува |

| | |
|---|---|
|  | Институтот а кои се однесува на оцена на квалитетот на настано-образовниот процес и наставниот кадар<br>• Иницијативност на студентите во промоција на ИСППИ<br>• Иницијативност на студентите за учество во дополнителни обуки за развој на нивниот личен и професионален селф |
| Слаби страни | • Мал број студенти ги користат можностите за меѓународна мобилност |
| Можности  | • Преку алумни групата се развива соработка со и помеѓу студентите, која понатаму може да користи за соработка со бизнис секторот, стопанството и невладиниот сектор |
| Пречки,  закани | • Се помалиот број на студенти доведува до организирање на менторски систем за поголемиот дел од предметите со што не се остваруваат можности за групна работа, групна динамика, комункација и размена на искуства, знаења... меѓу студентите |




**Слика бр. 4** *Графички приказ на SWOT анализата на Сегментот-студенти*

## *II.8 Просторни и материјални ресурси*

Кога станува збор за просторот наменет за изведување на наставната и истражувачката работа може да се кажат следните податоци

-вкупната површина на објектот изнесува 847.57 м²

-постојат 3 предавални и нивната површина изнесува 150.44 м². Едната предавална има капацитет за 15, втоарта за 30 а третата за 50 студенти.

-ИСППИ поседува компјутерска училница со површина од 92 м²

-постои една сала за работни состаноци со површина од 18.35 м²

-на кабинетите за наставниот и соработничкиот кадар отпаѓа 297.61 м²

-површината на библиотеката изнесува 18.35 м²

Што се однесува до опремата за изведување на наставната и истражувачката работа, ИСППИ располага со 37 централни едици, 36 монитори, 11 лаптопи, 3 прожектори, 2 графоскопи, електронска табла, скенер, факс и факс принтер, 14 принтери, фотокопир, телефонска централа и 27 телофони, 4 конференцски маси, машина за укоричување и метелна машина за спирали, 18 библиотечни витрини и канцеларски бироа, столчиња и маси.

Библиотечниот фонд на ИСППИ го сочинуваат вкупно 3761 наслови, вклучително и извештаи од реализирани научно-истражувачки проекти, списанија и периодика, како и учебници и учебни помагала за предметните содржини од студиските програми.

За потребите на корисниците на библиотеката на ИСППИ е овозможен пристап до информациските бази EBSCO, COBISS, Sage journals, Oxford journals.

| **SWOT анализа** | **Просторни и материјални ресурси** |
|---|---|
| Силни страни<br> | • Просторот во ИСППИ целосно ги задоволува сите побарувања кои произлегуваат од наставата како и научно-истражувачката работа<br>• Опременоста на предавалните и канцелариите е задоволитена<br>• Бесплатно користење на институтската библиотека и информациксите бази (EBSCO, COBISS, Sage journals, Oxford journals)<br>• Достапност на предавалните во текот на целиот ден |
| Слаби страни<br> | • Мал број на печатени книги од страна на наставниот кадар на студиската програма<br>• Скромен библиотечен фонд и непостоечки средства за набавка на нова литература |
| <br>Можности | • За задолжителните и изборните предмети за кои е возможно да се користат (или веќе се користат ) преводите на Владата на стручна и научна литература како задолжителна литература, да се доделуваат бесплатно или по поволни услови на ИСППИ<br>• Опремување на постоечките лаборатории во ИСППИ со средства од МОН |
| Пречки, закани<br> | • Неможност за обезбедување финансии за: преведување на странски јазик, лекторирање на текстови и печатење на книги, монографии кои имаат за цел да ги презентираат научно-истражувачките резултати.<br>• Неодобрување на средства за опремување на лаборатории финансирани од МОН (немање ниту позитивен, ниту негативен одговор во однос на поднесената апликација) |




**Слика бр. 5** *Графички приказ на SWOT анализата на*

*Просторни и материјални ресурси*

## II.9. Логистика

Во реализацијата на целокупната дејност на ИСППИ (високообразовна, научноистражувачка, издавачка дејност), за извршување на стручни и административни работи, се вклучени и Стручната и административната служба на ИСППИ и Одделението за апликација, научна документација и издаваштво.

Во рамките на Одделението за апликација, научна документација и издаваштво на Институтот се извршуваат следниве работни задачи: стручна обработка и чување на материјали и истражувачки податоци, се пропишува и се спроведува постапката за набавка на литература за потребите на наставнообразовната и научно-истражувачката работа, се врши евиденција, обработка и чување на библиотечниот материјал и други работи за непречено функционирање на Библиотеката.

Делокругот на работа на Стручната и административната служба на Институтот опфаќа водење на целокупната администрација и евиденција во врска со студентите и други останати работи во текот на постдипломските студии.

| **SWOT анализа** | **Логистика** |
|---|---|
| Силни страни  | • Редовно информирање на наставниците и студентите за пристигнатите книги и списанија<br>• Бесплатно користење на библитечниот фонд за наставниците и студентите<br>• Бесплатно фотокопрање на целокупната наставна програма<br>• Максимално скратено време за административно-техничката работа<br>• Навремено информирање на студентите за сите потребни информации од страна на стручната служба ангажирана во последипломаската настава<br>• Сервисот на студнетската служба е покриен со уште едно лице |

| | |
|---|---|
| | |
| Слаби страни | • Моментално нема вработен човек кој професионално ќе го води библиотечниот сервис |
| Можности | / |
| Пречки, закани | / |




**Слика бр. 6** *Графички приказ на SWOT анализата на Логистиката*

## *II.10 Надврешна соработка*

ИСППИ има континуирана плодна соработка со стопанството, со владини институции, невладини организаии и со други професионални асоцијации на национално ниво. Следат некои примери за таква соработка:

- Министерство за образование и наука (Меморандум за соработка)
- Министерство за информатичко општество и администрација (Меморандум за соработка)
- Агенција за администрација (Меморандум за соработка)
- Агенција за планирање на просторот на Р. Македонија (национални проекти)
- Фондација Институт Отворено Општество- Скопје
- Светска Здравствена Организација (национални проекти)
- Соработка со УНЕСКО (национални проекти)
- Здружение за гешталт психотерапија (Меморандум за соработка)
- ЈЗУ Психијатриска болница (Меморандум за соработка)
- Институт за гешталт терапија– Советувалиште за хумана соработка (Меморандум за соработка)
- Континуирана соработка со ТЕХНОЛОГИКА презентација на софтверот HERMES во рамки на ПДС МЧР
- Соработка со НВО ТРИАГОЛНИК
- Соработка со НВО МОСТ
- Соработка со НВО Фридрих Еберт (национални проекти)
- Рамковни договори за соработка со ТТК Банка, ТМобиле и Прокредит Банка

Членовите на научниот кадар од ИСППИ често се консултирани, односно се ангажираат како експерти при изработка на национални програми и/или стратегии од страна на Владата на

Република Македонија и нејзините органи како што се Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за државни службеници итн. (нпр, Национална стратегија за намалување на одливот на висококвалификуван кадар надвор од РМ, Национална стратегија за демографски развој на РМ, Стратегија за реформи во државната/јавната администрација... )

Соработката со високообразовните установи од странство, ИСППИ ја остварува преку организирање размена на научноистражувачкиот кадар, размена на информации за научноистражувачки проекти, меѓусебна поддршка во подготовка и имплементирање на научноистражувачки проекти, поддршка во организирање на меѓународни работилници, симпозиуми, конференции и конгреси, како и меѓусебна поддршка во активности од издавачката дејност.

ИСППИ има потпишано договори за соработка со следниве високообразовни установи од странство:

- Универзитетот во Салцбург, Австрија, Оддел за политички науки и Социологија- договор во рамки на ERASMUS-Intensive, програма со важност за академските 2012/2013-2014/2015г.
- School of Advanced Social Studies SASS, Nova Gorica, Словенија- договор за соработка од 30.10.2013г
- Бугарска Академија на науките, Институт за социологија- договор за меѓусебна соработка, ноември 2013год.

Учеството во европските програми се реализира преку:

- учество во програмата Еразмус Мундус

-учество во проектот на London School of Economics под наслов Justice and Security Research Programme финансиран од Одделот за меѓународен развој на Обединетото Кралство.

-учество во проектот “Cross-border Citizens’ Network for Peace, Societal Reconciliation and Human Security” кој го менаџира Helsinki Citizens’ Assembly од Турција финансиран од Европската комисија.

Што се однесува до мобилноста на студентите и академскиот кадар, може да се каже дека е реализиран едномесечен студиски престој на Универзитет во Гент, Белгија (Март-Април 2010); Постдокторски студии- 6 месечен престој- Универзитет во Салзбург, Австрија (Ноември 2013-Мај 2014); учество на Академијата за Европско право-(17-28 June 2013), Academy of European Law: Human Rights Course (General course "From Human Rights to Cosmopolitan Law"), European University Institute, Florence, Italy; учество на Летната Програма за Јавно Меѓународно Право-(07-24 August 2013):, Summer Programme: Public International Law, The Hague Academy of International Law, Hague, Netherlands.

Во рамки на ИСППИ постои Алумни ИСППИ кое е здружение кое ги обединува и во кое членуваат сите завршени постдипломци кои специјализирале, магистрирале и докторирале на Институтот за социолошки и политичко - правни истражувања, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Р. Македонија. Намерата на Алумни ИСППИ е да се одржат и развиваат контактите, врските, односите и трајната соработка меѓу сите генерации завршени постдипломци, како и со наставно-научниот персонал на Институтот, со академската и со пошироката заедница. Алумни ИСППИ се стреми да биде значаен фактор и движечка сила која ќе придонесува во професионалниот и кариерниот развој меѓу членовите, како и мост кој ќе ги поврзува интересите и потребите на образованието и на деловната заедница. Мисијата на Алумни ИСППИ е да создава мрежа на контакти која ќе овозможи ефективна размена на

информации, а преку постојана комуникација, интеракција и организирани активности на членовите на алумни, да се поддржи и унапредува системот на знаења, вештини и способности, како и да се одржат и зајакнат интелектуалните, деловните и социјалните врски на студентите со ИСППИ.

| SWOT анализа | Надврешна соработка |
| --- | --- |
| Силни  страни | • ИСППИ има континуирана плодна соработка со стопанството, со владини институции, невладини организации и со други професионални асоцијации на национално ниво<br>• Учество во меѓународни програми<br>• Алумни здружение<br>• Членовите на научниот кадар од ИСППИ често се консултирани, односно се ангажираат како експерти при изработка на национални програми и/или стратегии од страна на Владата на Република Македонија и нејзините органи |
| Слаби  страни | • Недоволна мобилност на наставниот кадар на други Универзитети во ЕУ и светот (најчесто поради тековните работни обврски) |
|  Можности | • Потпишување на рамковни догвори, меморандуми за соработка со различни институции и организации, здруженија во земјата и странство<br>• Продлабочување на досегашната соработка со досегашните партнери, соработници |
| Пречки,  закани | • Недоволна мобилност на наставниот кадар на други Универзитети во ЕУ и светот (поради ограничувачкиот карактер за Законот за високо образование кој дозволува платено отсуство од само една година, или неплатено отсуство од три години) |




**Слика бр. 7** *Графички приказ на SWOT анализата на*

**Надворешната соработка**

## *II.11 Научно-истражувачка дејност*

Научно-итражувачката дејност на ИСППИ беше евалуирана низ неколку сегменти, и тоа:
Монографски публикации на ИСППИ (2009-2013): вкупно 5 (”Менаџмент на индивидуални земјоделски стопанства, 2009”; “Политичките идентитети во Република Македонија, 2011”; “Граѓаните во системот на локална самоуправа”, 2011; “Identity in the Era of Globalization and Europeanization - International Scientific Conference, 2012”; “Политичката култура и идентитетите”, 2012)
Вкупен број на пријавени и реализирани проекти во последните 5 години:

2008/2009 вкупно пријавени 9/реализрани 9; 2009/2010 вкупно пријавени 4/реализрани 4

2010/2011 вкупно пријавени 11/реализарни 5; 2011/2012 вкупно пријавени 5/реализарни 4

2012/2013 вкупно пријавени 5/потполно реализарни 5, а 2 сеуште во процес на реализација

Вкупен број организирани научни собири, конференции во последните 5 години:

-Identity in the Era of Globalization and Europeanization- Меѓународна научна конференција, 2011 во соработка со Филозофскиот Факултет, Скопје

-Migration and Labour Market- International Scientific Conference, 2012, во соработка со Економскиот факултет во Прилеп и Здружение *Мариовскомегленски културни средби- Прилеп*

-Human Resources Exchange About French and Macedonian Practices, 25 March 2011, Меѓународен научен собир со Универзитетот Сорбона

-**“**Facing unemployment- risks and challenges**”**во рамки на билатералниот истражувачки проект “Specifics of the political steering of market economy in macedonia and slovenia: a comparative analysis**”,** Faculty of advanced social studies in Nova Gorica, Slovenia и ИСППИ, 31 Октомври 2013, Скопје

-“Културата и музиката, “17-та меѓународна конференција за културата и музиката, 21, 22.01.2011, во организација на Факултетот за музичка уметност, ИРАМ (Инститити за истражување и архивирање на музика и ИСППИ

Табелите со вкупниот број на семинари, конференции, научни собири (домашни, регионални, меѓународни) од страна на научниот и соработничкиот кадар се дадени во прилог.

Гостување на странски предавачи:

-Universite Paris 1 Sorbonne, претставени од Проф. Мишел Блин (Professor Michelle Blin), CEP-La Sorbonne, Работилница на тема: Human Resources Exchange About French and Macedonian Practices, 25 March 2011; Презентација на Центарот за перманентно образование -CEP ( Center for Permanent Education) мастер програмата во рамки на CEP од страна наПрофесорот Michelle Blin, одговорен за Human resources master's department на CEP-La Sorbonne; Предавање на тема: Presentation of the French dual system (History and Development of the dual system, Laetitia Grillon, Master's student at CEP-La Sorbonne; Legal framework of the dual system, Pandora Pierrot, Master's student at CEP-La Sorbonne; Pros and cons of the dual system for the firm: Marine Beaumer, Master's student at CEP-La Sorbonne; Pros and cons of the dual system for the student: Rozica Sekulovski, Master's student at CEP-La Sorbonne)

- Работилница во рамки на билатералниот истражувачки проект "Specifics of the political steering of market economy in Macedonia and Slovenia: a comparative analysis", Faculty of advanced social studies in Nova Gorica, Slovenia и ИСППИ, Скопје

-Проф. Д-р Николај Генов (Prof. Nikolai Genov),Faculty of advanced social studies in Nova Gorica, Slovenia, предавање на тема: "Upgrading employability of unemployed as constructive individualization"

-Проф. д-р. Рајнхард Хајниш (Reinhard Heinisch), раководител на катедрата за Политички науки, Факултет за политички науки и социологија, Универзитет во Салзбург, Австрија (2011) ПДС Политички науки, на предметот: Наука за политика- проф. Лидија Христова, 2 блока предавања на тема: *Евроскептицизмот во земјите во Централна и Источна Европа- дефиниции, теоретски пристапи и истражување*

-Јохан Топфер, докторант, Слободен Универзитет на Берлин, 2010 година, на ПДС Политички науки, на предметот: Политички систем- проф. Лидија Христова, Предавање на тема: „Улогата на политичките елити во процесите на транзиција и демократска консолидација во земјите на Централна и источна Европа"

-Д-р Панајотис Цакирпалоглу, катедра за Психологија, Палацки Универзитет во Оломоуц, Чешка Република (2010), Предавање на тема „Психологија и политички лидери" на ПДС Политички науки, на предмет: Наука за политика- проф. Лидија Христова,

-Д-р. Торстен Гомес, истражувач од Центарот за мировни истражувања, Франкфурт (2009), Предавање на тема: „Постконфликтно градење на мирот во Босна и Херцеговина- истражувачки резултати" на ПДС Политички науки, на предметот: Етничките конфликти и меѓународната безбедност, проф. д-р Мирјана Малеска

| **SWOT анализа** | **Научно-истражувачка дејност** |
|---|---|
| Силни | • Плодна научна –истражувачка работа цели 48 години<br>• Национални и меѓународни проекти |

| | |
|---|---|
| страни  | • Самоиницирачки проекти без барање на надворешни финасии<br>• Задоволителен број на објавени трудови, статии на различни теми<br>• Гостувања на странски предавачи<br>• Учество на семинари конференции, симпозуми во земјата и странство<br>• Успешна организација на научни собири, конференции<br>• Монографски публикации од страна на ИСППИ |
| Слаби страни | • Недоволен број на меѓународни научни проекти |
| Можности | • Поголемо инвестирање во науката<br>• Влез во европската истражувачка мрежа |
| Пречки, закани  | • Немање средства за организации на научни собири, конференции<br>• Немање средста за публикување на монографии, книги Недоволна искористеност на капацитетите на ИСППИ (од државата)<br>• Маргинализирање на општествените науки во земјата и светот воопшто(предност им се дава на природните и техничките науки)<br>• Конкуренција од трендот на формирање на нови (вон универзитетски) истражувачки институти во земјата |




**Слика бр. 8** *Графички приказ на SWOT анализата на*

**Научно-истражувачка дејност**

## *II.12 Финансирање*

Начинот на остварување на финансирањето е од сопствена сметка во рамки на трезорската сметка и буџетската сметка. Уделот на средствата од буџетот во вкупните средства на ИСППИ е 43,68%. Уделот на студентската партиципација во студиите е 100%, односно студентите целосно ги подмируваат трошоците за студирање .

Просечна цена на чинење на студиските програми од втор циклус студии по студент изнесува 1300 евра за година. Цената на студиите во однос на 2008/2009 за учебната 2009/2010 и учебната 2010/2011 е зголемена за околу 12-15%.

| **SWOT анализа** | **Финансирње** |
|---|---|
| Силни страни | • Услуги на апликативни проекти за домашни и меѓународни нарачатели |
| Слаби страни | • Ниска стапка на успешност при аплицирање на меѓународни повици за истражувачки проекти |
| Можности | • Реализација на научноистражувачки проекти од посебен јавен интерес<br>Обезбедување на средства за наука од јавни фондови |
| Пречки, закани  | • Државата не одвојува доволно средства за наука (традиционалните извори на финансирање преку годишните програми за наука наменети за научните институти веќе 4 години се во прекин |




**Слика бр. 9** *Графички приказ на SWOT анализата на*

**Финансиите**

## *III. ЗАКЛУЧОК*

Научниот совет на ИСППИ на седницата одржана на 13.11.2012 година донесе одлука за формирање на **Комисија за самоевалуација** со цел да претстави краток и содржаен преглед на наставно образовниот процес на ИСППИ, како и неговата основна дејност: научно-истражувачката работа; да ги анализира силните и слабите страни на ИСППИ (со примена на SWOT анализа) и вооедно да безбеди основа која ќе послужи за вршење евалуација што ја спроведува Универзитетот„Св. Кирил и Методиј“, како и за вршење на надворешна евалуација што ја врши Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Самоевалуацијата на УКИМ "Институт за социолошки и политичко-правни истражувања" се спроведе во декември 2013 согласно Упатството за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на единиците на УКИМ, а во соработка со наставно-научниот кадар на ИСППИ, студентите на студиските програми при ИСППИ и административниот кадар вклучен во организацијата на наставно-научниот процес како и управувачкиот кадар.

Процесот на самоевалуација опфаќаше неколку сегменти и тоа: опис на ИСППИ, мисија и цели на ИСППИ, стратегија за остварување на мисијата на ИСППИ, студиски и предметни програми на ИСППИ, наставен и соработнички кадар на ИСППИ, наставно-образовна дејност на ИСППИ, студенти на ИСППИ, просторни и материјални ресурси на ИСППИ, логистика на ИСППИ, надворешна соработка на ИСППИ, научно-истражувачка дејност на ИСППИ и сегмент кој се однесува на финансирање на ИСППИ.

Секој сегмент во извештајот е детално претставен, како што е направена и SWOT анализа на секој сегмент одделно.

Заклучокот од самоевалуацијата, или поконкретно заклучоците од одделните сегменти на самоевалуацијата одат во насока на следното:

ИСППИ со Одлука на Универзитетскиот совет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје е формиран уште во 1965 година, со две основните цели кои успешно ги релизира: научно-истражувачка и образовна, како и неколку дополнителни: како издавачка и информативно-документациона кои повеќе или помалку, се во функција на поефикасно остварување на основните.

ИСППИ има детално разработена стратегија со цел остварување на основните цели и задачи.

Студиската програма на ИСППИ е интегрирана во кредит-трансфер системот, а ИСППИ нуди голем избор на современи студиски програми (од кои повеќето се први од таков карактер, основани во земјата), со јасно дефинирани цели на студиските програми кои во детали го опишуваат соддветниот студиум, со предметни содржини кои целосно ги исполнуваат зададените цели на студиумите и во целост соодветствуваат со дипо探ломата со која се стекнуваат студентите по завршувањето, со можност за отворање на студиски програми со меѓународен карактер (joint degree) со партнерски институции од реномирани универзитети во ЕУ. Во овој сегмент, истакната е и нелојалната внатрешна конкуренција во рамки на УКИМ (отворање на идентични студиски групи на другите единици), како и нелојалната конкуренција од одредени државни и приватни универзитети (ниски критериуми, скромни барања, слаб квалитет).

Научниот кадар на ИСПИ е теоретски и методолошки квалификуван и компетентен за извршување на образовната и научно-истражувачка работа, позитивно оценуван од страна на студентите; изборот и реизборот на сите наставници е согласно законската регулатива и редовно се извршува во предвидениот временски рок (во полза на вработениот научен/соработнички кадар. Сепак, тешкотијата при вработување на млади кадри и нивно вклучување во наставната програма и научно-истражувачката работа останува еден од горливите проблеми на ИСППИ.

Во наставно-образовниот процес во ИСППИ се применуваат современи, а истовремено и разновидни начини, облици, методи и технологии, а наставната содржина на секоја предметна програма ги следи современите текови во научната област.

Можностите во овој контекст се модернизирање на наставата преку опремување на постоечките лаборатории во ИСППИ (психолошката лабораторија и лабораторијата за развој на методологија за менаџмент на човечки ресурси) со финансиска помош од МОН.

Студентите кои се запишуваат на ИСППИ покажуваат голема иницијативност, активност и одговорност: учествуваат во управувањето на Институтот; се одзиваат на анкетите кои ги спроведува Институтот, а кои се однесуваат на оцена на квалитетот на настано-образовниот процес и наставниот кадар; покажуваат иницијативност во промоција на ИСППИ, како и иницијативност за учество во дополнителни обуки за развој на нивниот личен и професионален селф. ИСППИ нуди и можност преку алумни групата да се развива соработка *со* и *помеѓу* студентите, која понатаму може да користи за соработка со бизнис секторот, стопанството и невладиниот сектор.

Просторот во ИСППИ целосно ги задоволува сите побарувања кои произлегуваат од наставата како и научно-истражувачката работа; опременоста на предавалните и канцелариите е задоволитена; бесплатно користење на институтската библиотека и информациксите бази (EBSCO, COBISS, Sage journals, Oxford journals) е карактеристика на ИСППИ.

Во реализацијата на целокупната дејност на ИСППИ (високообразовна, научноистражувачка, издавачка дејност), за извршување на стручни и административни работи, се вклучени и стручната и административната служба на ИСППИ и Одделението за апликација, научна документација и издаваштво. Максимално е скратено времето за административно-техничката работа, а карактеристика е и навременото информирање на студентите за сите потребни информации од страна на стручната служба ангажирана во последипломаската настава.

ИСППИ има континуирана плодна соработка со стопанството, со владини институции, невладини организаии и со други професионални асоцијации на национално ниво, учествува во меѓународни програми и има формирано алумни здружение.Членовите на научниот кадар од ИСППИ често се консултирани, односно се ангажираат како експерти при изработка на национални програми и/или стратегии од страна на Владата на Република Македонија и нејзините органи.

ИСППИ се карактеризира со плодна научна –истражувачка работа цели 48 години: учество на национални и меѓународни проекти; самоиницирачки проекти без барање на надворешни финасии со цел следење на современите општествени текови; задоволителен број на објавени трудови, статии на различни теми; гостувања на странски предавачи; учество на научниот кадар на семинари и конференции, симпозуми во земјата и странство; успешна организација на научни собири, конференции. Во овој сегмент се истакнати и можностите за поголемо инвестирање во науката и за влез во европската истражувачка мрежа.

Начинот на остварување на финансирањето е од сопствена сметка во рамки на трезорската сметка и од буџетската сметка. Уделот на студентската партиципација во студиите е потполно. Државата не одвојува доволно средства за наука (традиционалните извори на финансирање преку годишните програми за наука наменети за научните институти веќе неколку години се во прекин.

Накратко, за остварување на целокупната дејност на Институтот (научно-истражувачката и образовната) неопходно е посебно внимание да се посвети на следното:

- Министерството за образование и наука  треба да биде еден од основните извори на финсирање на  научноистражувачката работа;
- Продолжување и натамошно воспоставување на соработка со други корисници на истражувачките резултати
- Подобрување на кадровската состојба  во некои научно-наставни области и негово доведување во корелација со реалните потреби на Институтот.
- Развивање и осовременување на формите на комуницирање со научната и пошироката јавност на соработниците на Институтот

Сликата што следи претставува графички приказ на SWOT анализата за сите сегменти што беа предмет на самоевалуација. Од неа јасно се гледа дека ИСППИ своите најсилни страни ги покажуа во наставно-образовната дејност, студиските програми, како и научно-истражувачката дејност; слабите страни се малку но се лоцирани повеќе во наставно-научниот и соработничкиот кадар (најмногу како недостиг на таков кадар); можностите за жал секаде се малку, а најголемите потешкотии повторно се лоцирани во научно-истражувачката дејност, која, иако примарна дејност на ИСППИ сѐ помалку се финансира и поттикнува од страна на релевантните институции.




**Слика бр. 10** *Грагички приказ на SWOT анализата на*

**сите сегменти на самоевалуација**

Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Скопје
*Институт за социолошки и политичко-правни истражувања*

**Комисија за самоевалуација** на УКИМ- ИСППИ во состав:

Доц. Д-р Елеонора Серафимовска – претседател

Проф. Д-р Емилија Симовска – член

Проф. Д-р Петар Атанасов – член

Вон.проф. Д-р Ганка Цветанова - член

Доц. Д-р Марија Топузовска Латковиќ - член

Бојана Илијоска - студент

Борче Антовски - студент

и **поткомисија за евалуација на студиските програми** на УКИМ- ИСППИ во состав

Доц. Д-р Маријана Марковиќ – претседател

Вон. проф. Д-р Ѓорѓи Манев - член

Доц. Д-р Бојана Наумовска - член

Маја Костовска - студент

Ана Алексова - студент

**Директор на УКИМ- ИСППИ**
Проф. Д-р Ѓорѓе Јакимовски

*Извештај за самоеваулација*

## IV.ПРИЛОГ

Табела бр.1 *Научен и соработнички кадар заклучно со декември 2013 година*

| | Редовен професор/ Научен советник | Вонреден професор/ Виш научен соработник | Доцент/ Научен соработник | Асистент | Помлад асистент | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Д-р** | 7 | 2 | 6 | 1 | | **16** |
| **М-р** | | | | | 1 | **1** |
| **Вкупно** | 7 | 2 | 6 | | 1 | **17** |

Табела бр.2 *Стручен и административен кадар заклучно со декември 2013 година*

| | Д-р (стручен кадар) | М-р (стручен кадар) | Високо образование | Средно образование |
|---|---|---|---|---|
| | 1 | 1 | | 6 |
| **Вкупно** | 8 | | | |

Табелата бр. 3 *Година на започнување, број на семестри, број на предмети, број на часови по студиска програма*

| **Студиска програма** | Година на почеток | Број на семестри на едногодишни/ двогодишни студии | Број на задолжителни Предмети | Број на часови по задолжителен предмет | Број на изборни предмети | Број на часови по изборен предмет |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Политички науки | 1965 | 2/4 | 5/4 | 20/22 | 2/4 | 12/20 |
| Социологија- | 1967 | 2/4 | 4(5)/4 | 20/22 | 2/4 | 12/20 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| менаџмент на општествени промени | | | | | | |
| Менаџмент на човечки ресурси | 1991 | 2/4 | 4/5 | 20/22 | 2/4 | 12/20 |
| Комуникации | 1991 | 2/4 | 4 /4 | 20/22 | 2/4 | 12/20 |
| Нови медиуми и социјални мрежи | 2012 | 2/4 | 5/4 | 20/22 | 2/4 | 12/20 |
| Културата во ера на кибернетика | 2012 | 2/4 | 5/4 | 20/22 | 2/4 | 12/20 |

Табела бр.4 *Научен и соработнички кадар во последните 5 години*

| | Редовен професор/ Научен советник | Вонреден професор/ Виш н.соработник | Доцент/ Научен соработник | Асистент | Помлад асистент | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Д-р** | 11 | 2 | 6 | 1 | | **20** |
| **М-р** | | | | | 1 | **1** |
| **Вкупно** | **21** | | | | | |

Табела бр.5 *Стручен и административен кадар на ИСППИ во последните 5 години*

| | **Д-р (стручен кадар)** | **М-р (стручен кадар)** | **Високо образование** | **Вишо образование** | **Средно образование** |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 1 | 1 | 1 | 8 |
| Вкупно | | 12 | | | |

Табела бр. 6 *Структурата на наставниците и соработниците за реализација на наставата на секоја студиски програма*[1]

| | Политички науки | Социологија-менаџмент на општествени промени | Комуникации | Менаџмент | Нови медими и социјални мрежи | Културата во ерата на киберенетиката | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Редовни професори** | 11 | 10 | 8 | 14 | 7 | 5 | 55 |
| **Вонредни Професори** | 2 | 1 | 2 | 2 | 2 | 1 | 10 |
| **Доценти** | 3 | 1 | 3 | 2 | 4 | 4 | 17 |
| **Асистенти** | 1 | | 1 | 1 | | | 3 |

Табела бр. 7 *Опис/дескриптори на квалификации (знаење, вештини и компетенции) со кои се стекнуваат студентите на ИСППИ*

| **СТУДИСКА ГРУПА** | **ТИП НА ДЕСКРИПТОРИ** |
|---|---|
| **Комуникации** | **Општи дескриптори** |
| знаења и разбирање | Покажува знаење во областа на комуникологијата, медиумите и културната индустрија. Се оспособува за теорија и пракса во споменатите области. |
| примена на знаењето и разбирањето | Покажува способност за примена на знаењето од областа на комуникологијата, медиумите и културната индустрија преку: истражување и анализа на споменатите области, како и збогатување на постоечките теориски концепти од областите. |
| способност за проценка | Развива способност за критичко анализирање на постоечки релевантни бази на истражувачки податоци, креирање на нови бази на податоци, способност за научна аргументација на истражуваните |

[1] Вкупниот број на кадарот за сите студиски програми не значи реален број со оглед на фактот што некои професори се ангажирани паралелно на неколку студиуми. Реална е бројката на наставнци ангажирани само во рамки на една студиска програма.

| | |
|---|---|
| | феномени. |
| комуникациски вештини | Се оспособува за вештини специјализирани за разрешување на проблеми во медиумската и културната индустрија. Се оспособува да ги комуницира релевантните истражувачки сознанија како со стручната јавност така и со јавноста воопшто. Способност за конципирање и менаџирање на комуниколошки стратегии. |
| вештини на учење | Поседува вештина за самостојна работа и работа во група и способен е за инкорпорирање и примена на нови истражувачки релевантни податоци во областа. |
| **Комуникации** | **Специфични дескриптори** |
| знаења и разбирање | Знае да креира емпириско истражување со соодветна употреба на методологија и има познавање на сите фази на истражувачкиот процес (подготовка, реализација, толкување на резултатите и пишување на истражувачки извештај). Покажува високо специјализирано знаење во областа на комуникологијата и медиумската индустрија. Се оспособува за самостојна анализа на теориските концепти. Се оспособува за оригинално и самостојно истражување, како и практична апликација на резултатите. |
| примена на знаењето и разбирањето | Способност за анализа, примена на знаењето во врска со истражуваните феномени. Способност за комуниколошка анализа на медиумите и културната индустрија како контекстуална анализа во различни општества. Се специјализира за истражување на медиумите со примена на новите методологии. |
| способност за проценка | Способност за критичка анализа на комуниколошките теории во различни социјални контексти. Способност за критичко преиспитување на постоечки меѓународни и сопствени бази на податоци. Поставување на хипотетски модели и нивна критичка и аргументирана проверка во конкретни контексти. |
| комуникациски вештини | Вештина за критичко преиспитување и анализа на постоечките научни согледувања во областа на комуникологијата и медиумите. Вештина за изработка на сопствени концепти и научна аргументација вградени во сопствени научни дела. Способност за менаџирање на проекти кои се занимаваат со истражување на медиумската и културната индустрија во различни општества. Способност за компаративна анализа на истражувачки податоци по хоризонтала и вертикала. |
| вештини на учење | Поседува вештина за самостојно истражување, организација и водство во проектни тимови. Има развиена способност за изработка на нови стратегии во областа на медиумската и културната индустрија со инкорпорирање и аргументација на релевантноста на постоечките сознанија од областа. |

| **Менаџмент на човечки ресурси** | **Општи дескриптори** |
|---|---|
| Знаење и разбирање | -Покажува знаење и разбирање за организациските науки и управување (менаџмент) , особено во делот на менаџмент на човечки ресурси , стратегиски менаџмент и организација.<br><br>-Разбира и може да примени  методологии соодветни за<br><br>решавање сложени проблеми од полето на организациските науки, како на систематски, така и на креативен начин, што обезбедува основа или можност за оригиналност во развивањето и примената на автономни идеи во контекст на истражувањето на областа менаџмент на човечки ресурси.<br><br>-Способност за употреба на проширено и продлабочено знаење во полето организациски науки со продлабочено знаење за методологијата на менаџмент на човечки ресурси.<br><br>-Покажува високо ниво на професионална компетентност во полето организациски науки и ја разбира  меѓусебната испреплетеност на предметните области од други научни полиња како што се економските,  социолошките, психолошките, комуниколошките и политиколошлите науки .<br><br>-Поседува знаење од организациските науки кое се базирано на најреномирани меѓународни истражувања во тоанаучно поле. |
| Примена на знаењето и разбирањето | -Способност за критичко, независно и креативно решавање проблеми со одредена оригиналност во нови или непознати средини и во мултидисциплинарен контекст, поврзани со полето на организациски науки.<br><br>-Способност практично да го примени теоретското знаењето  во организации од различна дејност, големина, животен циклус и место на работење (национални и мултинационални)<br><br>- да ја примени методологијата на менаџментот на човечки ресурси за решавање на бизнис проблеми и донесување на квалитетни бизнис одлуки<br><br>-Способност да работи во хетерогена работна средина и да примени критичка евалуација на фактите за решавање на бизнис проблеми. |
| Способност за проценка | -Способност за синтетизирање и интегрирање на знаењето за решавање проблеми од менаџментот на човечки ресурси.<br><br>-Способност за справување со сложени прашања поврзани со менаџментот на човечки ресурси кои имаат допирни точки со други научни полиња но и со поширокиот општествен контекст,<br><br>-Способност да направи проценка на комплексни проблеми на систематски и креативен начин  и во ситуации кога има  некомплетни и ограничени информации да може да донесе одлука, |

| | |
|---|---|
| | -Изградена способност за проценка врз основа на стекнатото знаење да носи етички базирани одлуки, со сенс за личните и општествените вредности.<br><br>-Способност за оценување и селекција на научни теории, методологии, алатки и општи вештини од предметните области на менаџментот на човечки ресурси, и поставување на нови анализи и решенија на научна основа. |
| Комуникациски вештини | -Способност за јасна, концизна комуникација (вербална, невербална и писмена) со засегнатите страни.<br><br>-Високо ниво на презентерски вештини со користење на напредсна технологија и избор на соодветен медиум.<br><br>-Способност за размена на заклучоци и предлози со аргументирање и со рационално поткрепување на истите, како со стручни, така и со нестручни лица, јасно и недвосмислено.<br><br>- Водење и иницирање на активна комуникација, со голема свесност за бариерите на ефективната комуникација |
| Вештини на учење | -Висока свесност и познавање на концептот за доживотно учење.<br><br>-Способност за препознавање на личната потреба за понатамошно знаење и способност за независно и самостојно делување при стекнувањето нови знаења и вештини во доменот на интерес.<br><br>-да ги евалуира активностите и процесот на учење на засегнатите страни и да изнајде стратегии за нивно подобрување<br><br>-Способност за преземање одговорност за понатамошен професионален развој и усовршување<br><br>-Способност за правење стратегии за професионален развој на ніво на организација. |
| **Менаџмент на човечки ресурси** | **Специфични дескриптори** |
| Знаење и разбирање | -Високо ниво на знаење од областа менаџмент на човеки ресурси , вклучително детални знаења за поеделните функциии(планирање, регутирање, селекција, оценување, професионален развој, мотивирање, управување со работните односи и економика на трудовите ресурси) и нивната примена во реални ситуации.<br><br>-Знае и разбира како менаџментот на човечки ресурси е поврзан со стратегијата на организацијата и општиот менаџмент. Знае да направи екстерна и интерна стратегиска евалуација и да креира стратегија за човечки ресурси што ќе придонесе за деловната стратегија.<br><br>-Разбира и може да примени методологии соодветни за решавање сложени проблеми во организацијата од аспект на менаџмент на човечки ресурси, стратегиски менаџмент, економика на трудови |

| | |
|---|---|
| | ресурси, оператвен менаџмент,менаџмент на квалитет.<br><br>-Поседува систематизирано знаење, за областа менаџмент на човечки ресурси , како и со другите поврзани предметни области од организациски науки, што обезбедува основа или можност за оригиналност во развивањето и примената на автономни идеи во контекст на истражувањето на областа менаџмент на човечки ресурси.<br><br>-Поседува знаење од организациските науки и специфично од областа менаџмент на човечки ресурси кое се базирано на најреномирани меѓународни истражувања во тоа научно поле.<br><br>- Знае да креира емпириско истражување со соодветна употреба на методологија и има познавање на сите фази на истражувачкиот процес (подготовка, реализација, толкување на резултатите и пишување на истражувачки извештај) |
| Примена на знаењето и разбирањето | -Има способност да ги препознава трендовите на бизнисот и нивното влијание врз стартегијата на организацијата<br><br>- Ги развива стратегиите за човечки ресурси врз основа на стекнатите знаења, така што ќе придонесат за деловната стратегија.<br><br>-Способност да ја обликува и развива организациската култура преку фацилитирање на промените со креирање решенија за подобро прилагодување на вработените.<br><br>-Способност за критичко, независно и креативно решавање проблеми од областа на човечки ресурси особено оние од стратешка природа, како што се: регрутирање, обука, професионален и кариерен развој, надоместоци и бенифиции.<br><br>-Употреба на технологија за управување со човечки ресурси, како и за водење и креирање евиденција за човечките ресурси.<br><br>-Знае да примени мерила за успехот на човеките ресурси во организацијата со користење аналитички мерки.<br><br>-Способност да спроведе конкретни истражувања во организацијата за да го измери задоволството од работното место, посветеност, лојалност и флуктуација.<br><br>-Способност практично да го примени теоретското знаењето во организации од различна дејност, големина, животен циклус и место на работење (национални и мултинационални)<br><br>- Знае да ги примени стандардите и законските одреби од областа на работни односи, недискриминација, мобинг, однос со синдикати и да примени критичка евалуација на фактите за решавање на бизнис проблеми. |
| Способност за проценка | -Способност за синтетизирање и интегрирање на деловните стратеги и стратегиите за МЧР за решавање на комплексни проблеми како и за секојдневни ад хок ситуации . |

| | |
|---|---|
| | -Способност за справување со сложени прашања поврзани со менаџментот на човечки ресурси кои имаат допирни точки со другите аспекти на работењето во организацијата.<br><br>-Да доставува резултати со интегритет врз основа на способност да направи проценка на комплексни проблеми, како што се селекциски методи, програми за напредување и обука, планирање на човечките ресурси, управување со ризици и односи со вработените.<br><br>- Да споделува систематизирани информации на сите нивоа на организацијата<br><br>- Да влијае на другите , набљудува, превзема соодветни ризици во ситуации кога има некомплетни и ограничени информации,<br><br>- Да гради релации врза основа на доверба, што подразбира изграден личен интегритет и способност да креира организациски кодекси базирани на етички принципи со сенс за личните и општествените вредности. |
| Комуникациски вештини | - Способност со користење на напредна технологија и вистински избор на медиум на комуникација, како и со употреба на напредни презентерски вештини да ги креира и споделува информациите јасно, концизно и навремено<br><br>-Способност за преговарање и справување со конфликтни ситуации<br><br>-Умешно водење на работни состаноци и преземање одговорност за заедничките резултати;<br><br>- Водење и иницирање на активна комуникација, со голема свесност за бариерите на ефективната комуникација |
| Вештини на учење | -Способност за препознавање на личната и организациската потреба за понатамошно знаење.<br><br>-Способност да креира талент менаџмент систем како подршка за стекнување на знаење и вештини на вработените во доменот на интерес.<br><br>-Да креира политики за професионален развој , со користење на соодветни менаџмент алатки со кои ќе направи анализа на потребите.<br><br>-Способност за правење стратегии за професионален развој на ново на организација.<br><br>-Способност да креира и реализира кратки тренинг програми наменети за вработените за унапредување на генеричките вештини |
| **Политички науки** | **Општи дескриптори** |
| знаења и разбирање | Покажува високо ниво на знаење и разбирање во научното поле на политичките науки.<br><br>Покажува знаење и разбирање за класичните концепти на |

| | |
|---|---|
| | политичките науки, како и за еволуцијата на концептите за клучните политички категории и процеси во современи услови.<br><br>Покажува способност за теоретски, практични, концептуални, компаративни и критички согледувања во научното поле.<br><br>Поседува знаење за тековните теоретски и емпириски истражувања во политичките науки, како и знаење за општите и посебните научни методи кои се применуваат во истражувањето на политичките феномени.<br><br>Поседува база за оригинално мислење и истражување во полето на Политичките науки. |
| примена на знаењето и разбирањето | Способност за критичко, независно и креативно решавање проблеми со одредена оригиналност во нови или непознати средини и во мултидисциплинарен контекст, поврзани со полето на политичките науки.<br><br>Способност за дескрипција и елаборација на политичките феномени и нивното значење во современото општество.<br><br>Способност за прогнозирање на политичките настани на краток, среден и долг рок.<br><br>Способност за комуникација, истражување и анализа во предметните научни области. |
| способност за проценка | Способност да дава објаснување за причините и последиците во анализата на политичките појави и процеси, преку синтетизирање и интегрирање на знаењето.<br><br>Способност за справување со сложени прашања и подготовка на предлози за решенија и при недоволно информации, со свесност за личната и општествената одговорност, како и етичките аспекти при примена на знаењето за решавање на прашањата.<br><br>Способност за оценување и селекција на научни теории, методологии, алатки и општи вештини од предметните области на политичките науки. Способност за истражување, анализирање и презентирање информации, идеи, резултати и препораки од релевантни истражувачки податоци. |
| комуникациски вештини | Способност да комуницира и дискутира и со стручната и со пошироката јавност, за концепти, идеи, проблеми и појави што се однесуваат на политичката сфера во општеството.<br><br>Способност за независно учество во специфични политиколошки и пошироки општествени дискусии.<br><br>Оспособност за академско пишување според меѓународни стандарди и комуницирање на сопствените истражувачки резултати во домашната и меѓународната стручна јавност. |

| | |
|---|---|
| | Способност за јавна презентација и комуникација со публика.<br><br>Оспособеност за групна работа и споделување резултати и одговорност.<br><br>Способност за презентација пред публика со употреба на соодветен медиум, технички помагала и соодветни компјутерски програми. |
| вештини на учење | Поседува свесност за важноста на концептот за доживотно учење и континуираното стручно надградување.<br><br>Мотивираност за постојана надградба и значење на учењето во која било фаза од личниот и професионалниот развој.<br><br>Поседува вештини за учење и работа во група и самостојно.<br><br>Способност за преземање одговорност за понатамошен<br><br>професионален развој и усовршување. |
| **Политички науки** | **Специфични дескриптори** |
| знаења и разбирање | Знае да креира емпириско истражување со соодветна употреба на методологија и има познавање на сите фази на истражувачкиот процес (подготовка, реализација, толкување на резултатите и пишување на истражувачки извештај). Високо специјализирано знаење во полето на политичките науки, како и продлабочено знаење во поодделните дисциплини на политичките науки.<br><br>Познавање на основните категории во политичките науки: моќ, правда, права, слобода, еднаквост итн, како и критички и креативни способности за нивно промислување.<br><br>Познавање на современите типови политички режими и современите теории за државата.<br><br>Познавање на теоретските модели на демократија, како и типовите на парламентарна демократија низ историјата и во современиот свет.<br><br>Познавање на современите политички идеологии и способност за нивно промислување во современиот глобализиран свет.<br><br>Познавање на најважните политички актери и нивното функционирање- политичките партии, граѓанските организации и интересни групи, меѓународните организации и др., како и нивното значење и меѓузависност во современиот свет.<br><br>Способност да ги применува теоретските концепти и модели во анализа на политичките појави и процеси на национално и меѓународно ниво.<br><br>Знаење и разбирање за актуелните општествени проблеми кои бараат јавен ангажман и истите може да ги структурира, анализира и предложи мерки за нивно решавање во форма на политики во |

| | |
|---|---|
| | соодветните области.<br><br>Способност за евалуација на јавните политики.<br><br>Знаење и разбирање за креирање емпириско истражување со соодветна употреба на методологија и има познавање на сите фази на истражувачкиот процес (подготовка, реализација, толкување на резултатите и пишување на истражувачки извештај). |
| примена на знаењето и<br><br>разбирањето | Може да го примени знаењето и разбирањето за анализа на поличките појави и процеси во општеството, како и за анализа на однесувањето на политичките актери.<br><br>Способност за анализа на националната и меѓународната политика, како и прогнозирање на идните развои. Способност за примена на знаењето во креирање на препораки за решавање на општествените и политички проблеми со одредено ниво на оригиналност и иновативност.<br><br>Способност за делување на стручни и раководни позиции во политички организации и групи, применувајќи го знаењето со свесност за личната и општествената одговорност, како и за етичките аспекти. |
| способност за проценка | Способност за анализа на индивидуи, групи и институции во однос на проблемите во македонското општество како и нивната улога во општествениот и политички развој.<br><br>Способност да дава проценки за комплексни политички проблеми, и препораки за нивно решавање и во случаи на недоволен број информации. Способност на прогнозирање на идни сценарија.<br><br>Оспособеност за собирање, класификација, статистичка обработка и интерпретација на податоци кои се употребуваат во политиколошките истражувања. |
| комуникациски вештини | Способност да комуницира и дискутира и со стручната и со пошироката јавност, за појави што се однесуваат на политичката сфера во општеството и за конкретни политички настани.<br><br>Способност за независно учество во специфични политиколошки дискусии.<br><br>Оспособност за академско пишување според меѓународни стандарди и комуницирање на сопствените истражувачки резултати во домашната и меѓународната стручна јавност.<br><br>Способност за јавна презентација и комуникација со публика.<br><br>Способност за презентација пред публика со употреба на соодветен медиум, технички помагала и соодветни компјутерски програми. |
| вештини на учење | Поседува свесност за важноста на концептот за доживотно учење и континуираното стручно надградување. |

| | |
|---|---|
| | Мотивираност за постојана надградба и значење на учењето во која било фаза од личниот и професионалниот развој.<br><br>Поседува вештини за учење и работа во група и самостојно.<br><br>Способност за преземање одговорност за понатамошен<br><br>професионален развој и усовршување. |
| **Социологија – менаџмент на општествени промени** | **Општи дескриптори** |
| знаења и разбирање | Покажува знаење од областа на социологијата и менаџирањето на општествените промени. Покажува теоретски, практични, концептуални, компаративни и критички перспективи во научното поле како и знаење и разбирање за клучните теоретски концепти за современата социологија. Може соодветно да ги перципира, разбира, следи и секако научно да ги елаборира случувањата во современото македонско општество. |
| примена на знаењето и разбирањето | Може да го примени знаењето и разбирањето на начин што покажува професионален пристап во работата и професијата како магистер по социологија – менаџмент на општествени промени. Со стекнувањето на степенот на образование, ќе може самостојно да изведува научно-истражувачки проекти, соодветно да ги анализира резултатите, интердисциплинарно да ги согледува случувањата во современото општество и ќе има способност за критичко мислење и научна аргументација на општествените појави. |
| способност за проценка | Способност за истражување, анализирање и презентирање информации, идеи, концепти од релевантни истражувачки податоци. Способност да оценува различни проблеми и прашања и да дава објаснување за причините и начинот на кој се случуваат општествените појави односно можноста тие да се управуваат, планираат, т.е. да се влијае врз нив. |
| комуникациски вештини | Способност да комуницира и дискутира и со стручната и со пошироката јавност, за концепти, идеи, проблеми и појави што се однесува до комуникацијата меѓу различни субјекти во процесот. Оспособени за групна работа и споделување резултати и одговорност. Способност за независно учество, индивидуална работа во специфични, научни и пошироки дискусии. Способност за јавна презентација и комуникација со публика. |
| вештини на учење | Поседува вештини за учење и самостојна работа во група, настава и самостојно. Мотивираност за постојана надградба и значење на учењето во која било фаза од личниот и професионалниот развој. Стекнување на база теоретски сознанија за основите на социологијата како засебна општествена наука, а воедно и можност практично да ги примени преку изведување научно истражувачки проект. Воедно се развиваат потребните вештини за интерактивно и |

| | |
|---|---|
| | интердисциплинарно учење. |
| **Социологија – менаџмент на општествени промени** | **Специфични дескриптори** |
| знаења и разбирање | Стекнувањето на соодветната квалификација ќе резултира во поседување на знаења и разбирање, коишто се употребливи и коишто може да се користат во областа на социологијата како базична рамка; понатаму во посебните социолошки дисциплини; во сродните општествени науки, а особено да се прилагодат за потребите на поголем спектар на работни места, коишто изискуваат изработка на самостојни научно-истражувачки и апликативни проекти, од поголем и помал обем. |
| примена на знаењето и разбирањето | Способност за ситуирање на човекот во неговиот личен, социјален и културен контекст (семејство, работа, општествени рамки) и способност за анализа на информациите и основните елементи на социолошкиот пристап.<br><br>Способност за социолошка анализа на социјалните промени, општествените концепти, глобалните процеси и политичката култура и комуникациите и граѓанското општество. |
| способност за проценка | Способност за аналитички пристап кон општествените феномени; утврдување на нивната базична структурна рамка и двигатели; способност за перципирање и соодветно елаборирање на промените кај општествените феномени; способност за следење на трендовите на општествените случувања во потесната и поширокata општествена средина и утврдување на нивната меѓузависосt; способност за анализа на општествените појави на ниво на индивидуа, група, институција и на ниво на поширокиот општествен колективитет.<br><br>Посебно ќе се акцентира способноста за перципирање и анализа на случувањата во македонското општество во потесното и поширокото општествено опкружување. |
| комуникациски вештини | Вештини специјализирани за анализирање на проблеми, вештини кои се потребни при истражување и за произведување на нови сознанија и нивно интегрирање во различни научни области;<br><br>Вештини за истражување и анализа на конкретни социолошки појави и процеси како и вештини за презентации и академско пишување во научни публикации;<br><br>Вештини за критичко размислување и анализа на литература од областа на социологијата и сродните општествени науки;<br><br>Вештини за проектно менаџирање на научно-истражувачка работа и академска комуникација на меѓународен план. |

| | |
|---|---|
| вештини на учење | Способност за препознавање на личната потреба за понатамошно знаење и способност за независно и самостојно делување при стекнувањето нови знаења и вештини во современото општествено опкружување. Способност за преземање одговорност за понатамошен професионален развој и усовршување. |
| **Нови медиуми и социјални мрежи** | **Општи дескриптори** |
| знаења и разбирање | Покажува знаење и разбирање во областа на новите медиуми и социјални мрежи како и за процесите на комуникација според новите технологии. Покажува теоретски, практични, концептуални, компаративни и критички перспективи во научното поле како и знаење и разбирање за разни концепти за современата комуникација преку новите медиуми. |
| примена на знаењето и разбирањето | Може да го примени знаењето и разбирањето на начин што покажува професионален пристап во работата и професијата како магистер по нови медиуми и социјални мрежи. Покажува компетенции за комуникација, истражување и анализа во предметните научни области. Способност за аргументација на феномените на новите медиуми и нивното влијание врз општеството. |
| способност за проценка | Способност за истражување, анализирање и презентирање информации, идеи, концепти од релевантни истражувачки податоци. Способност да оценува различни проблеми и прашања и да дава објаснување за причините и начинот на кој се менува комуникацијата меѓу луѓето, групите и организациите според новите технолгии. |
| комуникациски вештини | Способност да комуницира и дискутира и со стручната и со пошироката јавност, за концепти, идеи, проблеми и појави што се однесува до комуникацијата меѓу различни субјекти во процесот. Оспособени за групна работа и споделување резултати и одговорност. Способност за независно учество, индивидуална работа во специфични, научни и пошироки дискусии. Способност за јавна презентација и комуникација со публика. |
| вештини на учење | Поседува вештини за учење и самостојна работа во група, настава и самостојно. Мотивираност за постојана надградба и значење на учењето во која било фаза од личниот и професионалниот развој. Учење за новите медиуми е и учење преку новите технологии и неформални социјални мрежи. |
| **Нови медиуми и социјални мрежи** | **Специфични декриптори** |
| знаења и разбирање | Знае да креира емпириско истражување со соодветна употреба на методологија и има познавање на сите фази на истражувачкиот процес |

| | |
|---|---|
| | (подготовка, реализација, толкување на резултатите и пишување на истражувачки извештај). Покажува знаење и разбирање: кое е употребливо и може да се користи во областа на комуникологијата како основа за оригинални истражувања; за главните и современи комуникациски концепти и за нивна ситуираност во областа на новите медиуми и социјални мрежи; за теоретските и практичните импликации на промените во комуникациските односи и нивна примена во апликативните истражувања; за глобализацијата, глобалните промени и промените во комуниколошката и кулутролошката сфера во однос на новите медиуми |
| примена на знаењето и<br><br>разбирањето | Способност за ситуирање на човекот во неговиот личен, социјален и културен контекст (семејство, работа, општествени рамки) и способност за анализа на информациите и основните елементи на комуниколошкиот пристап;<br><br>Способност за комуниколошка анализа на социјалните промени, општествените концепти, глобални процеси и политичката култура и комуникациите и граѓанското новинарство. |
| способност за проценка | Способност за анализа на главниот комуникациски проблем: кој ги менува комуникациите - структурите или луѓето. Кои се примарните агенси на промените во комуникациите;<br><br>Способност за анализа на индивидуи, групи и институции во однос на проблемите во македонското општество како што се комуникациите, новите медиуми, социјалните мрежи; |
| комуникациски вештини | Вештини специјализирани за анализирање на проблеми, вештини кои се потребни при истражување и за произведување на нови сознанија и нивно интегрирање во различни научни области;<br><br>Вештини за истражување и анализа на конкретни комуниколошки појави и процеси како и вештини за презентации и академско пишување во научни публикации;<br><br>Вештини за критичко размислување и анализа на литература од областа на новите медиуми и социјални мрежи;<br><br>Вештини за проектно менаџирање на научно-истражувачка работа и академска комуникација на меѓународен план. |
| вештини на учење | Способност за препознавање на личната потреба за<br><br>понатамошно знаење и способност за независно и<br><br>самостојно делување при стекнувањето нови знаења и<br><br>вештини во современото културно милје, односно во културата во ерата на кибернетиката.<br><br>Способност за преземање одговорност за понатамошен |

| | |
|---|---|
| | професионален развој и усовршување. |
| **Културата во ерата на кибернатика**та | **Општи дескриптори** |
| знаења и разбирање | Покажува знаење и разбирање во областа на културата во ерата на кибернетиката Покажува теоретски, практични, концептуални, компаративни и критички перспективи во научното поле како и знаење и разбирање за разни концепти од областа на културата во ерата на кибернетиката. |
| примена на знаењето и разбирањето | Може да го примени знаењето и разбирањето на начин што покажува професионален пристап во работата и професијата како магистер по културологија. Покажува компетенции за истражување и анализа во предметните научни области. Способност за аргументација на феномените на културата во ерата на кибернетиката и нејзиното влијание врз целокупното општествено милје. |
| способност за проценка | Способност за истражување, анализирање и презентирање информации, идеи, концепти од релевантни истражувачки податоци. Способност да оценува различни проблеми и прашања и да дава објаснување за причините и начинот на кој се менува културата, целокупното културно и општествено милје како и социокултурните феномени лало резултат на употребата на новите технолгии. |
| комуникациски вештини | Способност да комуницира и дискутира и со стручната и со пошироката јавност, за концепти, идеи, проблеми и појави што се однесува до прашања од областа на културата. Оспособени за групна работа и споделување резултати и одговорност. Способност за независно учество, индивидуална работа во специфични, научни и пошироки дискусии. Способност за јавна презентација и комуникација со публика. |
| вештини на учење | Поседува вештини за учење и самостојна работа во група, настава и самостојно. Мотивираност за постојана надградба и значење на учењето во која било фаза од личниот и професионалниот развој. Учење за културата во ерата на кибернетикаката, поточно употребата на новите технологии и нивното влијание врз севкупните општествени односи, начинот на живеење и комуницирање, како и во сферата на уметностите. |
| **Културата во ерата на кибернатика**та | **Специфични дескриптори** |
| знаења и разбирање | Покажува знаење и разбирање: кое е употребливо и може да се користи во областа на културата во ерата на кибернетиката како основа за оригинални истражувања; за главните и современи концепти од областа на културата и новите технологии; за влијанието на новите технологии во сферата на културата; за теоретските и практичните импликации во реструктуирањето на целокупното културно милје како резултата на употребата на новите технологии. |
| примена на знаењето | Способност за ситуирање на човекот во неговиот личен, социјален и |

| | |
|---|---|
| и<br><br>разбирањето | културен контекст (семејство, работа, општествени рамки) и способност за анализа на информациите и основните елементи на културоло-шкиот пристап;<br><br>Способност за културолошка анализа на социјалните промени, општествените концепти, глобалните процеси и политичката култура, начинот на живеење и уметностите. |
| способност за проценка | Способност за анализа на современите социокултурни појави и процеси, настанати како резултат на појавата на информатичко-комуникациските технологии;<br><br>Способност за креирање и евалуација на културни и образовни политики;<br><br>Способност за дизајнирање и спроведување на научно-истражувачки проекти; Способност за дизајнирање и раководење со проекти во областа на културата во кибернетичката ера, и културните и креативните индустрии. |
| комуникациски вештини | Способност за размена на заклучоци и предлози со<br><br>аргументирање и со рационално поткрепување на<br><br>истите, како со стручни, така и со нестручни лица, јасно и недвосмислено.<br><br>Вештини за проектно менаџирање на научно-истражувачка работа;<br><br>Вештини за менаџирање на проекти од областа на културните и креативните индустрии; Вештини за проектно менаџирање на научно-истражувачка работа и академска комуникација на меѓународен план. |
| вештини на учење | Способност за препознавање на личната потреба за<br><br>понатамошно знаење и способност за независно и<br><br>самостојно делување при стекнувањето нови знаења и<br><br>вештини во современото културно милје, односно во културата во ерата на кибернетиката.<br><br>Способност за преземање одговорност за понатамошен<br><br>професионален развој и усовршување. |

Табела бр. 8 *Бројот на студентите кои се запишале во последните 3 учебни години*

| **Студиска програма** | **2012/2013** | **2011/2012** | **2010/2011** |
|---|---|---|---|
| Комуникации | 7 | 8 | 22 |
| Менаџмент на човечки ресураси | 45 | 35 | 50 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Политички науки | | 4 | 9 |
| Нови медиуми и социјални мрежи | 2 | | |
| Социлогија-менаџмент на општествени проен | | 2 | 4 |
| Културата во ерата на глобализацијата | 3 | | |
| **Вкупно** | **58** | **49** | **85** |

Табела бр. 9 *Вкупен број на библиотечни единици од научниот кадар во функција на наставната програма*

| *Вид на библиотечни единици* | **Број** |
|---|---|
| **Книги** | 7 |
| **Скрипти** | 3 |
| **Практикуми** | 1 |
| **Други помагала** | 3 |

Табела бр. 10 *Вкупен број на конгреси, симпозиуми, семинари, работилници и други манифестации во периодот 2008-2012*

| | | *број на учества* | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** |
| **Конгреси** | *Домашни* | | | | | |
| | *Регионални* | | | | | |
| | *Меѓународни* | 1 | 1 | | 1 | |
| **Конференции** | *Домашни* | 7 | 6 | 7 | 7 | 6 |
| | *Регионални* | 2 | 2 | | 3 | |
| | *Меѓународни* | 9 | 11 | 11 | 32 | 26 |
| **Симпозиуми** | *Домашни* | | | | | |
| | *Регионални* | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | *Меѓународни* | | | | | |
| **Семинари** | *Домашни* | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 |
| | *Регионални* | | | | | |
| | *Меѓународни* | | | 1 | 3 | 3 |
| **Работилници** | *Домашни* | 6 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| | *Регионални* | | 4 | | | |
| | *Меѓународни* | 3 | 2 | 6 | 8 | 9 |
| **Други манифестации** | *Домашни* | 2 | 4 | 4 | 7 | |
| | *Регионални* | | | | | |
| | *Меѓународни* | | 2 | | | 2 |

Табела бр. 11 *Вкупен број на учества на конгреси, симпозиуми, семинари, работилници и други манифестации со труд во периодот 2008-2012*

| *број на учества со труд* | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** |
| **Конгреси** | *Домашни* | | | | | |
| | *Регионални* | 1 | 1 | | 1 | |
| | *Меѓународни* | 7 | 6 | 7 | 7 | 8 |
| **Конференции** | *Домашни* | 1 | 2 | | 1 | 2 |
| | *Регионални* | 12 | 15 | 15 | 38 | 32 |
| | *Меѓународни* | | | 1 | | |
| **Симпозиуми** | *Домашни* | | | | | |
| | *Регионални* | 1 | 1 | | | |
| | *Меѓународни* | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| **Семинари** | *Домашни* | | | | | |
| | *Регионални* | 1 | | 2 | 2 | |
| | *Меѓународни* | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| **Работилници** | *Домашни* | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | *Регионални* | 1 | 2 | 2 | 2 | |
| | *Меѓународни* | | | | | |

Табела бр. 12 *Учество во својство на поканет предавач на конгреси, симпозиуми, семинари, работилници во периодот 2008-2012 година*

| *број на учества* | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** |
| ***Домашни*** | 1 | 3 | 3 | 3 | 1 |
| ***Регионални*** | | | 1 | | |
| ***Меѓународни*** | 4 | 4 | 3 | 5 | 6 |

Табела бр. 13 *Број на наставнци ангажирани во процесот на изведување настава на други единици на УКИМ, на други универзитети во и надвор од земјата*

| *број на учества* | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** |
| ***Во земјата*** | 3 | 2 | 3 | 1 | 2 |
| ***Надвор од земјата*** | | | | | |

Табела бр. 14 *Учество на наставниците и соработниците во научно-истражувачките проекти во периодот 2008-2012*

| *број на учества* | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** |
| ***Во земјата*** | 8 | 9 | 6 | 6 | 11 |
| ***Надвор од земјата*** | 2 | 5 | 5 | 4 | 3 |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 13-99/4
03.09.2014 год.

Република Македонија
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ
Институт за социолошки и
политичко-правни истражувања
СКОПЈЕ
03.09.2014
03-1154/2

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број: 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 31. седница одржана на 23.06.2014 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиска програма „Политички науки и човекови права", втор циклус двегодишни студии на Институт за социолошки и политичко - правни истражувања, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Се акредитира нова студиска програма **„Политички науки и човекови права", втор циклус двегодишни студии на Институт за социолошки и политичко - правни истражувања, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од две години (четири семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 120 ЕКТС и со звање: **Магистер по политички науки и човекови права,** научно - истражувачко подрачје: Општествени науки, , научно - истражувачко поле: Политички науки, научна област: Човекови права.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Врз основа на донесената одлука на Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко - правни истражувања во Скопје, и одлуката од Универзитетски сенат на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" за организирање втор циклус двегодишна студиска програма „Политички науки и човекови права", на 11.06.2014 година до Одборот за акредитација и

евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на меѓуседница 30/31, формира експертска комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија, на својата 31. седница одржана на 23.06.2014 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Заменик претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Миколај Кузиновски